9. Опасности и ризици од употреба на фитофармацевтски производи
9.1. Ризик и изложеност
9.2. Опасност / отровност / токсичност
9.3. Изложеност на фитофармацевтски производи
9.4. Дермална изложеност (изложеност на кожата)
9.5. Инхалаторна изложеност (респираторна изложеност)
9.6. Орална изложеност (преку уста)
9.7. Препознавање на симптомите и знаците за изложеност на фитофармацевтските производи
9.8. Несакани последици од фитофармацевтските производи
9.9. Прва помош при труење
10. Опрема за лична заштита на работникот
10.1. Категории опрема за лична заштита

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4606.

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски претседател на Судот и судиите м-р Татјана Васиќ-Бозациева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 72 алинеја 1 и член 79 став 1 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/2024), на седницата одржана на 11 декември 2024 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 2 став 3 во делот „а до навршени 65 години живот“ од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/2021), донесен од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, по повод иницијатива на Игорчо Точев од Скопје донесе Решение У.бр.190/2024 од 2 октомври 2024 година за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот од Правилникот означен во точката 1 од диспозитивот на оваа одлука поради сомнение за повреда на принципот на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.

II

На седницата Судот утврди дека во член 2 од Правилникот се предвидува дека:

(1) Комисијата донесува наод, оцена и мислење за постоење на инвалидност за остварување права од инвалидското осигурување и постоење на неспособност за работа на член на семејството за остварување право на семејна пензија.

(2) Комисијата донесува наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност заради остварување право на работа со скратено работно време и распоредување на друга соодветна работа.

(3) Комисијата донесува наод, оцена и мислење за утврдување на неспособноста за работа кај лица над 26 години возраст, а до навршени 65 години живот за користење на право на гарантирана минимална помош.

(4) Комисијата може да донесе наод, оцена и мислење и кога тоа е утврдено со закон или други прописи.

III

Согласно со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Според член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредува задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, опфатот на осигуреници, правата кои се остваруваат од ова осигурување, матичната евиденција на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, основите на капиталното финансирано пензиско осигурување, како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 130 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кој е поместен во глава XII со наслов „Остварување, користење и губење на правата “ и е основ за донесување на оспорениот правилник, предвидува дека за остварување на правата врз основа на инвалидност и неспособност за работа врз основа на која се стекнува право на инвалидска, односно семејна пензија, како и телесно оштетување, фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност.Комисијата се формира во рамките на Фондот. Со акт на Фондот се уредува организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност.

Во член 29 од Законот за социјалната заштита, меѓу другото, се утврдува дека висината на правото на гарантираната минимална помош се пресметува како основица за еден член на домаќинството, зголемена за коефициент од еквивалентната скала за другите членови на домаќинството, а најмногу за вкупно пет члена во домаќинството. Неспособноста за работа на лицата од став 5 на овој член се утврдува со наод, оцена и мислење од стручна комисија за утврдување на неспособност за работа формирана при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Тргнувајќи од овластувањата дадени во член 130 став 2 од Законот за пензиското и социјалното осигурување, Фондот го донесе сега оспорениот Правилник со кој детално се уредува организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност.

Со оспорениот член 2 став 3 од Правилникот се предвидува дека Комисијата донесува наод, оцена и мислење за утврдување на неспособноста за работа кај лица над 26 години возраст, а до навршени 65 години живот за користење на право на гарантирана минимална помош.

Ако се има предвид содржината на член 2 став 3 и неговиот оспорен дел, произлегува дека воопшто не е можно едно лице по својата 65-та година возраст да користи право на гарантирана минимална помош, што значи дека возраста е ограничувачкиот услов за утврдување на неспособноста за работа на лица на навршени 65 години живот, како и пристапот до правото на гарантирана минимална помош. Оттука, јасно произлегува дека поради воспоставениот услов „возраст”, лицата над 65 години живот нема да можат да го остварат правото на гарантирана минимална помош.

Во врска со ова, неспорно е дека во надлежност на државата е да ја креира и спроведува социјалната политика за граѓаните зависно од материјалните можности на државата, а во тој поглед законодавецот врз основа на уставното овластување, со закон да ги утврдува правата на граѓаните од сферата на социјалната заштита како и начинот и условите под кои граѓаните можат да ги остварат социјалните права.

Меѓутоа, кога станува збор за услови по кои граѓаните можат да ги остварат социјалните права, законодавецот има обврска во закон да утврди исти услови под кои граѓаните ќе ги остваруваат правата од сферата на социјалната заштита, без притоа да се прави разлика помеѓу граѓаните врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или разликување по која било друга основа во остварување на парична помош од социјална заштита и социјални услуги.

Во конкретниот случај, со оспорениот подзаконски пропис Фондот за пензиското и инвалидското осигурување не ги следел принципите на еднаков и рамноправен третман на граѓаните, условувајќи го правото на утврдување на неспособност за работа, а која согласно одредбите од Законот за социјалната помош е дефинирана дека неспособно за работа се смета лице со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, со потешка или најтешка телесна попреченост, утврдена со

наод и мислење од службата за функционална проценка при јавната здравствена установа, како и правото на гарантирана минимална помош со возраста на граѓанинот во член 2 став 3 од Правилникот.

Од извршената уставно-судска анализа произлегува дека според содржината на оспорената одредба на член 2 став 3 од Правилникот, ова право нема да може да го оствари и лице кај кое по 65 години возраст ќе се јави потреба за остварување на правото на користење на гарантирана минимална помош.

Уставниот принцип на еднакво постапување спрема еднаквите, независно од личните својства и карактеристики на граѓаните, нивната припадност или убедување или која било друга, состојба или статус, во конкретниот случај, според Судот, е повреден со пропишувањето на оспориот дел на членот од подзаконскиот акт. Со истиот во суштина, по основ на возраст, се врши неоснована категоризација, а со тоа и нелегитимно спречување на едните да можат исто како и другите да ги уживаат поедеднакво правата од социјалната сфера, уредени со Законот за социјалната помош. Од овие причини Судот оцени дека оспориот дел од член 2 став 3 од Правилникот е во спротивност со уставниот принцип на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите од член 9 став 2 од Уставот.

Со член 16 од Законот за социјалната помош на граѓаните им се гарантира еднаков и рамноправен третман до пристапот на правата од сферата на социјалната заштита, како и забрана на секаков вид и облик на дискриминација во остварувањето на парична помош од социјална заштита и социјални услуги, меѓу кои и возраста. Меѓутоа, од оспорената одредба, произлегува дека тие сепак се исклучени од пристапот до остварување на правото на гарантирана минимална помош, токму поради возраста, со што субјектите се ставени во состојба на правна несигурност. Токму поради тоа, Судот оцени дека ваквото уредување во оспориот подзаконски пропис, го повредува принципот на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објаву-вањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

У. бр. 190/2024
11 декември 2024 година
Скопје

4607.

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозациева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија и член 71 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 10 јули 2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 36 став 1 во делот „прво и второ дете“, став 2 и став 3 во деловите „прво и второ“ и „доколку мајката нема новородено дете во смисла на ставот (2) на овој член“ од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022 и 236/2022).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста на член 38 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022 и 236/2022).

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Образложение

I

Клементина Ангелеска од Скопје, до Уставниот суд на Република Северна Македонија, поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 36 и член 38 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022 и 236/2022).

Подносителот на иницијативата наведува дека оспорените одредби не се во согласност со членовите 9 и 42 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 3, 4, 6, 12 и член 14 став 2 од Законот за заштита на децата.

Според подносителот на иницијативата, со предвидените решенија во оспорените одредби, децата кои се трети по ред во едно семејство се дискриминирани во однос на другите односно прво и второ родено дете, што е спротивно на член 9 и член 42 од Уставот. Исто така, дискриминирани се и оние граѓани кои одлучиле својата иднина да ја градат во Република Северна Македонија и во неа да имаат повеќе од две деца.

Подносителот на иницијативата наведува дека со направените измени во Законот, наместо да се унапредат и прошират правата на децата, направено е токму спротивното особено со измените од 2019 година, во кои се предвидени дискриминаторски решенија на штета на граѓаните и на ваков начин државата свесно и на суров начин одлучила во иднина да стави граница во рамки на едно семејство за колку деца е спремна да одвојува средства и да придонесе во подигањето и развојот на детето, со што се создава нееднаквост на граѓаните.

Според подносителот на иницијативата, со оспориот член 36 од Законот, се врши повреда на членовите 3, 4, 6, 12 и член 14 став 2 од истиот закон, од причина што, согласно со оспориот член, секое дете кое е трето живородено дете, само затоа што е трето дете, не само што не се смета за новороденче туку не се смета ни за дете и не може да ги ужива правата што произлегуваат од оспориот член, за разлика од друго лице или гру-

па што се наоѓаат во фактичка или можна споредлива или слична ситуација. Оттука произлегува дека преку неправилна и селективна примена на оспорената одредба се врши повреда на правата и покрај фактот што целта на законите е обезбедување на правичност и сигурност на сите граѓани.

Подносителот на иницијативата, исто така, наведува дека со оспорениот член 38 став 3 од Законот се врши повреда на членовите 3, 4, 6, 12 и 14 став 2 од истиот закон, на начин што не секоја мајка на трето живородено дете, може да остварува право на родителски додаток за дете за трето дете доколку не ги исполнува условите предвидени во оспорениот став, за разлика од другите лица или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, независно што ги исполнува сите останати услови предвидени во член 38 од Законот. Имено, родителски додаток за дете, за трето дете можат да добијат само невработените мајки, земајќи го предвид условот предвиден од законодавецот, а тоа е вкупните примања по сите основи да бидат пониски од висината на минималната плата, што е апсурден, дискриминаторски и намерно креиран услов, без оглед на тоа колку движен и недвижен имот поседува барателот односно носителот на правото, што е парадокс од причина што за стекнување на ова право, битен критериум се финансиските средства односно приходите на барателот, односно носителот на правото.

Подносителот на иницијативата бара Уставниот суд, како заштитник на уставноста, да ги исправи грешките направени со измените и дополнувањата на Законот во 2019 година, и на ваков начин да ги заштити стекнатите права кои на неправилен начин се укинати и да овозможи продолжување на истите засекогаш и за сите подеднакво и без условувања и ограничувања бидејќи прогресот и развојот на една држава најмногу се изразува преку грижата за развој на нејзините граѓани.

Врз основа на наведеното, подносителот на иницијативата предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби и истите да ги поништи.

II

На седницата Судот утврди дека во член 36 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022 и 236/2022), се предвидува дека еднократна парична помош за новороденче се обезбедува на семејство за прво и второ новородено дете. Согласно со став 2 од овој член, за прво и второ новородено дете се смета дете кое е прво и второ живородено дете по ред на раѓање на мајката, кој редослед се утврдува на ист начин кога мајката ќе роди повеќе деца одеднаш. Во став 3 од истиот член е предвидено дека за прво и второ новородено дете ќе се сметаат и посвоените деца, на возраст до една година, доколку мајката нема новородено дете во смисла на ставот (2) на овој член.

Судот, исто така, утврди дека во член 38 став 3 од истиот закон, којшто се однесува на родителскиот додаток за дете, е предвидено дека правото од ставот (1) на овој член се остварува доколку вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на користењето на правото и во текот на користењето на правото е понизок од висината на минималната нето-плата утврдена за претходната година.

III

Според член 8 став 1 алинеја 8 од Уставот, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Според член 9 став 1 од Уставот, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, додека во став 2 е предвидено дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во член 34 од Уставот се предвидува дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Согласно со член 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Во член 40 став 1 од Уставот се предвидува дека Републиката му гарантира посебна грижа и заштита на семејството.

Со член 41 е пропишано дека право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца. Републиката, заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика.

Според член 42 став 1 од Уставот, Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица. Согласно со став 2 од истиот член, лице помладо од 15 години живот не може да биде вработено. Во став 3 од истиот член е предвидено дека малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа. Според став 4 од истиот член малолетните лица не смеат да бидат вработени на работни места што се штетни за нивното здравје.

Со член 51 од Уставот се предвидува дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Според став 2 од истиот член, секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно со член 54 став 3 од Уставот, ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Според член 110 алинеја 1 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Согласно со член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Во член 1 од Законот за заштита на децата се наведува дека со овој закон се уредува системот и организацијата за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022 и 236/2022).

Според член 2 став 1 на овој закон, заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Согласно со став 2 од овој член, заштитата на

децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Во став 3 од овој член е предвидено дека државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Согласно со член 3 од овој закон, заштитата на децата, во смисла на овој закон, се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата.

Според член 4 од овој закон, во примената на одредбите од овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Според член 6 став 1 од овој закон, права за заштита на децата во смисла на овој закон, меѓу другото, се еднократна парична помош и родителскиот додаток за дете. Согласно со став 2 на истиот член, правата од ставот (1) на овој член под услови утврдени со овој закон ги обезбедува државата.

Согласно со член 12 став 1 од овој закон се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Според член 14 став 1 од овој закон директна дискриминација постои кога со барателот или корисникот на заштита на децата се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Правата за заштита на децата детално се разработени во главата II од Законот.

Според член 36 став 1 од овој закон, еднократна парична помош за новороденче се обезбедува на семејство за прво и второ новородено дете. Согласно со став 2 од овој член, за прво и второ новородено дете се смета дете кое е прво и второ живородено дете по ред на раѓање на мајката, кој редослед се утврдува на ист начин кога мајката ќе роди повеќе деца одеднаш. Во став 3 од истиот член е предвидено дека за прво и второ новородено дете ќе се сметаат и посвоените деца, на возраст до една година, доколку мајката нема новородено дете во смисла на ставот (2) на овој член.

Во член 38 став 3 од овој закон е предвидено дека правото од ставот (1) на овој член се остварува доколку вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на користењето на правото и во текот на користењето на правото е понизок од висината на минималната нето-плата утврдена за претходната година.

Во однос на наводите на подносителот на иницијативата дека со оспорениот член 36 од Законот за заштита на децата, наместо да се унапредат и прошират правата на децата, се случува спротивното односно се создава нееднаквост на граѓаните, што е спротивно на член 9 од Уставот, според кој граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба и дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви и член 42 став 1 од Уставот, според кој Републиката посебно ги штитува мајчинството, децата и малолетните лица, Судот смета дека истите се основани од причина што со оспорениот член се предвидува право на еднократна парична помош за новороденче на семејство за прво и второ новородено дете и на ваков начин се создава нееднаквост во однос на семејствата со повеќе новородени деца што се наоѓаат во иста фактичка состојба и дека оспорениот член не е во функција на заштита на тие семејства, со што се доведува во прашање нивната еднаквост во однос на нивните права. Нееднаквост, односно дискриминација постои кога граѓаните се во иста фактичка состојба (лично својство, припадност или статус), а се третираат на различен начин, како што е примерот со оспорената одредба бидејќи фактичката положба на семејствата на прво и второ новородено дете е иста со фактичката состојба на семејствата со повеќе новородени деца, а се третираат на различен начин единствено поради фактот дека овие семејства имаат повеќе новородени деца. Имено, државата при определувањето стратегија за пораст на природниот прираст на населението, потребно е да определува соодветни мерки и да води соодветна хумана популациона политика, а за исполнување на оваа цел законодавецот со закон може да определи права и обврски за граѓаните и истовремено, при утврдување на условите, начинот и постапката за остварување на одредено право, е должен да пропише еднакви права и исти услови под кои граѓаните ќе ги остваруваат своите слободи, права и должности, без притоа да се прави разлика помеѓу граѓаните по основ на пол, раса, боја на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, што не е случај со одредени делови од оспорениот член 36 од Законот за заштита на децата бидејќи правото на еднократна парична помош за новороденче не се однесува еднакво на сите семејства со новородени деца.

Имајќи го предвид горенаведеното и покрај фактот што подносителот на иницијативата ја оспорува во целост уставноста на член 36 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022 и 236/2022), Судот сепак изрази сомнеж во однос на одредени делови од истиот член, како неуставни и одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Во врска со оспорениот член 38 став 3 од Законот за заштита на децата, од уставно-судската практика произлегува дека Судот веќе ја оценил уставноста на оспорената одредба и со Решението У.бр.112/2021 од 7.5.2021 година, не повел постапка за оценување на уставноста

на истата, при што Судот оцени дека се исполнети условите од член 28 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија за отфрлање на иницијативата во овој дел.

Во однос на наводите на подносителот на иницијативата дека со оспорените одредби се врши повреда на членовите 3, 4, 6, 12 и член 14 став 2 од истиот закон, Судот оцени дека согласно со член 110 алинеја 3 од Уставот, не е надлежен да оценува меѓусебна согласност на одредби од ист закон односно согласност на одредби од два закони.

Во врска со барањето на подносителот на иницијативата дека Уставниот суд, како заштитник на уставноста треба да ги исправи грешките направени со измените и дополнувањата на Законот во 2019 година, и на ваков начин да ги заштити стекнатите права кои на неправилен начин се укинати, како и да овозможи продолжување на истите засекогаш и за сите подеднакво и без условувања и ограничувања бидејќи прогресот и развојот на една држава најмногу се изразува преку грижата за развој на нејзините граѓани, Судот оцени дека станува збор за неаргументирано барање за активирање на уставносудскиот механизам за оцена на уставноста на оспорената одредба.

Повикувајќи се на горенаведеното, Судот смета дека деловите од став 1, став 2 и деловите од став 3 од член 36 од Законот за заштита на децата, означени во точката еден од ова решение, не се во согласност со член 9 од Уставот којшто се однесува на еднаквоста на граѓаните при реализација на слободите и правата.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

У. бр. 4/2024
10 јули 2024 година
Скопје

4608.

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозациева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, член 73 и член 79 став 2 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 115/2024), на седницата одржана на 30 октомври 2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 10 став 4 во делот „со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот" од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 163/2021 и 111/2023).

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

I

Жарко Стеваноски, адвокат од Прилеп, до Уставниот суд на Република Северна Македонија, поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од Законот означен во точката 1 од Решението.

Според наводите во иницијативата, исклучокот содржан во член 10 став 4 од Законот, според кој на стратешкиот партнер му се дозволува да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини уште со чинот на поднесување на барање за доделување концесија од страна на инвеститорот, не е во согласност со владеењето на правото, правната заштита на сопственоста и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштита и унапредување на животната средина и на природата како темелни вредности на уставниот поредок, утврдени во член 8 став 1 алинеи 3, 6 и 10 од Уставот, член 50, член 55 став 3 и член 56 ставови 1 и 3 од Уставот, а со тоа и уреден во спротивност со член 51 од Уставот, според кој законите во Република Северна Македонија мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, како и должноста на секој да ги почитува Уставот и законите.

Во изнесените наводи за неуставноста на оспорениот дел од законската одредба, подносителот се повикува и на член 16 ставови 1 и 7 од Законот за сопственост и други стварни права којшто уредува дека сите природни богатства, растителниот и животинскиот свет, стварите во општа употреба, градежното земјиште, шумите и земјоделското земјиште, пасиштата и водите, како и стварите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се ствари (добра) од општ интерес за Републиката, и дека со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени ствари од општ интерес во државна сопственост можат да се отстапат на користење на физички и правни лица (концесија). Исто така, се повикува и на член 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство којшто пропишува дека со овој закон се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство. Воедно, подносителот го наведува и член 3 став 4 од предметниот Закон за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 и коридорот 10 д во Република Северна Македонија, наведувајќи дека иако со оваа законска одредба предметниот закон се квалификува како посебен закон со кој се исклучува примената на други закони во целост или делумно, односно кој се применува без оглед на другите применливи закони во Република Северна Македонија и тоа во врска со сите прашања уредени со овој закон, тоа не смее да се дозволи ако се земе предвид утврдената цел во член 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство којшто алудира

на спроведување постапка за доделување концесија, што во конкретниот случај, а поради оспорениот член 10 став 4 од предметниот закон, таа не се спроведува, туку веднаш, со самото поднесување на барање за доделување на концесија, се дозволува експлоатација на минерални суровини. Подносителот смета дека не смее да се дозволи започнување со експлоатација на минерални суровини, пред окончување на постаките за доделување на концесии, бидејќи постапките вклучуваат спроведување на активности и дејствија коишто подразбираат разгледување и одобрување на изработена физибилити студија за оправданоста на доделување на концесија на добра од општ интерес, како и процена на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес, со цел да се согледаат ризиците од евентуални штети коишто би можеле да настанат по животната средина, односно штетните последици коишто би можеле да настанат по здравјето на луѓето, растителниот и животинскиот свет. Но, во конкретниот случај, оспорената законска содржина, му дозволува на стратешкиот партнер да започне со истражување и со експлоатација на минерални суровини веднаш по поднесувањето на барањето за доделување концесија од страна на инвеститорот, односно пред завршување на постапката за доделување концесија за истражување и експлоатација на минерални суровини, во која треба да се проценат сите ризици од штета и штетни последици, што не е во согласност со погоре наведените темелни вредности на уставниот поредок.

Во продолжението на иницијативата, подносителот укажува на конкретен случај за веќе настанати штети поради оспореното уредување во Законот, и последиците по здравјето и животната средина со кои се соочуваат граѓаните кои живеат во непосредна близина на локалитетот каде што се вршел ископ на минерални суровини. Имено, инвеститорот - Јавното претпријатие за државни патишта, поднел барање за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Ореовец" Општина Прилеп, при што, користејќи се со законски дадената можност од оспориот член 10 став 4 од предметниот закон, изведувачот/стратешкиот партнер, веќе вршел целосна експлоатација на минерална суровина – мермер на наведениот локалитет, и тоа без физибилити студија за оправданоста на доделување концесија на добра од општ интерес, процена на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес, како и без спроведени други активности неопходни за спроведување на постапката, со што се прави огромна штета на локалитетот „Ореовец". Подносителот наведува дека граѓаните кои живеат непосредно до ископот, се соочуваат со последици од оспореното законско уредување, вклучително и последици за животинскиот и растителниот свет. Конкретно, дека се загрозени два извори на исклучително квалитетна пивка вода коишто се со проценета важност за перспективно снабдување со вода за пиење на градот Прилеп, дека е нарушен мирот на населението од селата (Ореовец, Плетвар и Крстец) што се наоѓаат на самиот локалитет, како и дека се предизвикани несогледливи штети по имотите од започнатите детонации, но и несогледливи штети од девастирањето на природата и ударот по биодиверзитетот.

Подносителот наведува дека во националната Стратегија за заштита на природата (2017-2027), превојот Плетвар, Прилепско, е во првите десет најважни центри на националниот ендемизам. Ова, особено поради ендемичните растителни видови коишто се појавуваат поради специфичните почви и минерали на ова подрачје како што е флористичкиот ендемит Potentilla pletvarensis којшто вирее само на Плетвар, како и Centaurea grbavacensis и Helianthemum marmoreum. Наведува и дека типичен пример за еден таков ендемски вид е пеперутката Чингова окатка (Pseudochazara cingovskii), која според досегашните објавени истражувања се среќава само во околината на Плетвар на површина не поголема од 1,5 км2 и на ниедно друго место во светот, а според Butterfly Conzervation Europe (организација фокусирана на запирање и враќање на падот на пеперутките, молците и нивните живеалишта низ цела Европа), овој вид на дневна пеперутка претставува еден од најретките и најчувствителните видови во Европа. Наведува и дека во истражувањето на Македонското ентомолошко друштво, нотирано е дека на Плетвар се наоѓаат не повеќе од 3000 возрасни единки од овој вид и дека има тренд на намалување на бројката и дека овој вид на пеперутка од 2010 година се наоѓа на Црвената листа на загрозени видови, во категоријата критично загрозен вид со тенденција за опаѓање на популацијата, а дека главна закана за опстанокот на оваа пеперутка е рударската индустрија и каменоломот којшто се наоѓа во близина на нејзиното живеалиште. Поради ископувањата и детонациите коишто преку текот на целиот работен ден се вршат на превојот помеѓу с.Ореовец и с.Плетвар, се слуша неподнослива бучава од работните машини, и исчезнал сиот животински свет од тој предел којшто изобилувал со срни, зајаци, лисици, змии и други животни.

Од погоре наведените причини, според подносителот, неопходно е веднаш да се суспендира оспориот член од Законот, бидејќи создава можност некој да врши експлоатација, пред конечно и правосилно завршување на постапката и предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на оспориот член 10 став 4 од Законот, и истиот да го укине. Воедно, подносителот му предлага на Судот да донесе решение со кое ќе го запре извршувањето на оспориот член од Законот до конечното одлучување по поднесената иницијатива.

II

На седницата Судот утврди дека според член 10 став 4 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Буѓојчани и проектот за автопатот Требениште – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 163/2021 и 111/2023) „Додека се користат експроприраните јами и каменоломи за целите на Проектот, Инвеститорот и Стратешкиот партнер ќе ги почитуваат сите применливи регулативи за минерални суровини, со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот".

Судот утврди и дека подносителот со иницијативата го оспорува член 10 став 4 од Законот во делот „со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот".

III

Според член 8 став 1 алинеи 3 и 10 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Член 43 од Уставот уредува дека секој човек има право на здрава животна средина и секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата, а Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Според член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 54 став 1 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Според член 55 став 3 од Уставот, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето, е причина поради која со закон може да се ограничи слободата на пазарот и претприемништвото.

Со член 56 став 1 од Уставот е уредено дека сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита, а според став 2 од истиот член, со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.

Според член 57 од Уставот, Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Согласно со член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот, Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Во јули 2021 година, е донесен и стапен на сила Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Буѓојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 163/2021 и 111/2023).

Со овој закон како стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурните коридори 8 и 10 д, е номиниран субјектот Bechtel и Enka JV, а инвеститор, според овој закон е Јавното претпријатие за државни патишта.

Според член 3 став 1 од Законот, проектот, вклучувајќи ги проектирањето и изградбата на инфраструктурата на Коридор 8 и проектирањето и изградбата на инфраструктурата на Коридор 10 д, се секој поединечно проект за капитални инвестиции од стратешко национално значење за Република Северна Македонија. Според став 2 на наведениот член, целта на овој закон е подобрување и развој на патната инфраструктура. Според став 3 на истиот член, сите постапки кои се спроведуваат во согласност со одредбите на овој закон се сметаат за итни и сите државни и локални власти, компании и јавни претпријатија, како и сите други јавни органи и институции се должни навремено да преземат активности за спроведување во рамките на нивната надлежност, а според став 4 на наведениот член од Законот, овој закон ќе се применува како посебен закон со кој се исклучува примената на други закони во целост или делумно, односно кој се применува без оглед на другите применливи закони во Северна Македонија и тоа во врска со сите прашања уредени со овој закон.

Прашањата во врска со концесиите за истражување и експлоатација на минерални суровини се уредени со член 10 од овој закон, којшто во став 1 уредува дека инвеститорот ќе аплицира и ќе ги прибави сите потребни лиценци, одобренија и концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта во согласност со важечките закони, а според став 2 и дека согласно со природата на Проектот, Инвеститорот може да ги добие сите потребни лиценци, одобренија и концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта во итна постапка без да обезбеди одобрение за градба. Со став 3 од истиот член на Законот, се уредува дека сите концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта се издаваат со рок на важност до завршување на имплементацијата на Проектот.

Во член 10 од Законот, е содржан и ставот 4, според кој „Додека се користат експроприраните јами и каменоломи за целите на Проектот, Инвеститорот и Стратешкиот партнер ќе ги почитуваат сите применливи регулативи за минерални суровини, со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот."

Во однос на оспорениот исклучок содржан во член 10 став 4 од Законот, подносителот смета дека не смее да се дозволи започнување со експлоатација на минерални суровини, пред окончување на постапките за доделување на концесии, бидејќи постапките вклучуваат спроведување на активности и дејствија коишто подразбираат разгледување и одобрување на изработена физибилити студија за оправданоста на доделување на концесија на добра од општ интерес, како и процена на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес, со цел да се согледаат ризиците од евентуални штети коишто би можеле да настанат по животната средина, односно по здравјето на луѓето, растителниот и животинскиот свет. Во конкретниот случај, оспорениот исклучок на членот од Законот му дозволува на стратешкиот партнер да започне со истражување и со експлоатација на минерални суровини веднаш по поднесувањето на барањето за доделување концесија од страна на инвеститорот, односно пред завршување на постапката за доделување концесија за истражување и експлоатација на минерални суровини, во која треба да се проценат сите ризици од штета и штетни последици, што не е во согласност со темелните вредности на уставниот поредок, утврдени во член 8 став 1 алинеи 3 и 10 од Уставот.

Судот ги имаше предвид наводите и причините за оспорување на оспорениот дел на членот од Законот, меѓутоа оцени дека од тој аспект не може да се доведе под уставно сомнение оспореното законско решение, поради следното:

Собранието на Република Северна Македонија, согласно своите надлежности утврдени во член 68 од Уставот, со закон ги уредува областите во општествениот живот, за кои ќе оцени дека е потребно и оправдано да ги уреди посебно. Во рамките на ова уставно овластување, законодавецот оценил за целисходно да донесе посебен закон – lex specialis, со кој ќе се уредат деталите

во врска со планирањето, проектирањето и изградбата и употребата на дел од Коридорот 8 и Коридорот 10 д, кои се протегаат во Република Северна Македонија, како проекти од национален интерес и ќе се номинира стратешки партнер за реализација на проектите со цел да се постигне одржлив и безбеден развој на регионалното поврзување на Република Северна Македонија преку комплетирањето на паневропските коридори 8 и 10 д (Коридорот 8 го поврзува Јадранското Море со Црното Море преку Албанија, Македонија и Бугарија; Коридорот 10 се протега од Салцбург во Австрија до Солун во Грција и поминува низ Австрија, Словенија, Хрватска, Србија, Македонија и Грција).

Изградбата на овие коридори претставува капитална инвестиција од стратешка национална важност и има за цел подобрување и развој на патната инфраструктура. Јавните патишта се добра во општа употреба.

Во таа смисла, имајќи го предвид член 57 од Уставот според кој Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој, како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја, јавниот интерес за подобрување и развој на патната инфраструктура, законодавецот оценил за потребно да го забрза процесот на изградба на патните коридори на начин предвиден со оспореното законско решение содржано во член 10 став 4 од предметниот закон, при што целисходноста на ваквото законско решение е проценка на законодавецот, а од уставно-правен аспект суштинско е дека оспорениот исклучок не значи повреда на владеењето на правото и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како темелни вредности на уставниот поредок.

Ваквиот став произлегува од фактот дека Судот не смета дека давањето можност стратешкиот партнер да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на проектот штом барањето за доделување концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот, би значело и отсуство на документација којашто во секој случај претставува задолжителна обврска утврдена со закон.

Судот смета дека за донесената одлука, доволна е содржината на член 10 од Законот, од која произлегува дека инвеститорот при аплицирањето, треба да ги прибави сите потребни лиценци и одобренија во врска со концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта во согласност со важечките закони, односно дека инвеститорот може да ги добие сите потребни лиценци, одобренија и концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта во итна постапка без да обезбеди одобрение за градба.

Од тие причини пред Судот не се постави прашањето за согласноста на оспорениот дел на членот од Законот со одредбите на Уставот, на кои се повикува подносителот во иницијативата.

Судот ги имаше предвид наводите од иницијативата за предизвикани последици и штети по здравјето на луѓето, растителниот и животинскиот свет поради активности на локалитетот „Ореовец", меѓутоа, прашањето за конкретно настанати последици и штети, е во надлежност на други органи пред кои граѓаните можат да ги заштитат своите правни интереси.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

У. бр. 182/2024
30 октомври 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

4609.

Врз основа на член 34 став 1 Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 115/2024), по гласањето против Решението У.бр.182/2024 со кое Уставниот суд на седницата одржана на 30 октомври 2024 година одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 10 став 4 во делот „со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот" од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија,писмено го образложувам следното

ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

Анализата на одребите на Уставот на Република Северна Македонија, а особено на член 8 став 1 алинеја 10 кој нормативно е изразен преку член 43 од Уставот („секој човек има право на здрава животна средина, секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата и дека Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина") укажува на тоа дека уставотворецот го подигнал ова право на ранг на темелна вредност, поради неговото посебно значење. Имено, ова право најдиректно се однесува на правото на живот, а воедно вклучува и други права коишто се услов за опстанок на човекот, како што се правото на вода за пиење и здрава храна, правото на чист воздух и незагадено земјиште, правото на заштита од бучава и непријатни мириси и други. Имајќи предвид дека животната средина е широк концепт кој содржи елементи како што се водата, воздухот, почвата, растенијата, животните и другите живи и неживи светови, ова право е операционализирано во повеќе закони, од што може да се согледа дека заштитата на животната средина и природата, како и здравјето на луѓето и целиот растителен и животински свет, уживаат највисока заштита. Следствено, при преземањето на какви било активности од страна на јавните органи или приватните субјекти кои задираат во животната средина и природата, неопходно е секој субјект да внимава тие активности да не доведат до загрозување на животната средина, односно да ги превенира активностите кои може да предизвикаат негативни последици по здравјето на луѓето, растителниот и животинскиот свет.

Неспорно е дека економските политики на една држава, особено кога станува збор за развојот на индустријата или градежништвото, развојот на патната инфраструктура и слично, често влегуваат во колизија со мерките или активностите за заштита на животната средина. Во оваа група дејности првенствено се вбројуваат концесиските аранжмани на државата со приватните. Оттука, прописите со кои се уредени постапките за склучување на овие аранжмани треба да бидат сеопфатни, но и прецизни, тие треба да ја претставуваат онаа рамка која ги детерминира правата на концесионерот истовремено овозможувајќи и развој на економијата на државата, но и заштита на животната средина како темелна вредност на уставното уредување. Од тие причини, македонското законодавство детално ги регулира

постапките за доделување на концесии од оваа област, пришто особено се нагласува потребата од сеопфатна оцена на влијанието на активностите утврдени во концесиските договори врз животната средина. Во член 16 став 2 алинеја 3 од Законот за концесии и јавно-приватно партнерство, на којшто упатува Законот за минерални суровини, се уредува дека подготвителните работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство особено ја вклучуваат проценатa на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство.

Оваа законска одредба е само дел од севкупната правна процедура која треба да се почитува доследно при склучување на ваков вид договори кои се од огромно значење за двете страни, како од аспект на економскиот ефект, така и од аспект на правото на граѓаните на здрава животна средина како основно човеково право предвидено во македонскиот Устав и законодавство и во сите релевантни меѓународни акти. Говорејќи за македонското законодавство, формалната законитост на актите на државата, вклучително и на управните договори какви што се концесиските договори е содржана во Законот за општата управна постапка како општ, системски закон кој што ја детерминира структурата на постапката низ која субјектите на договорот мора да поминат пред и во текот на неговата реализација. Понатаму, одредбите од ЗОУП се прецизираат низ материјалните закони при што дозволени се и одредени отстапувања од него, само доколку се во согласност со целта на посебниот закон и се разбира со одредбите од Уставот. Така, концесиите се доделуваат од страна на јавните органи во постапка предвидена со закон, којашто подразбира не само приложување на барателот (во конкретниот случај стратешкиот партнер) на законски утврдената документација кон апликацијата, туку и разгледување и проверка на таа документација од страна на надлежните државни органи во однос на исполнетоста на сите пропишани услови за да може да се донесе одлука со која ќе му се дозволи на барателот да врши истражување и експлоатација на минерални суровини.

Издвоеното мислење се однесува на одлуката на мнозинството судии на Уставниот суд да не се поведе постапка за оцена на уставноста според оспорениот дел од член 10 став 4 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Буқојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Кафасан) и коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, со кој се предвидува буквално непостоење на било каква правна процедура при доделување на концесија на стратешкиот партнер. Имено, со делот од Законот кој беше оспорен пред Судот, се детогира целиот правен систем во државата на начин што се утврдува дека без да се започне, спроведе и заврши постапката (во отсуство на одлука за доделување на концесија и склучен договор), на концесионерот (стратешкиот партнер), да му се дозволи ископ на минерални суровини во моментот на поднесување на барање за доделување на концесијата. Со други зборови, тоа значи дека без никаква проверка од страна на надлежниот орган се прејудицира исполнетост на сите законски пропишани задолжителни услови за доделување на концесијата. Оспорената одредба всушност дозволува подносителот на барањето да се стекне со право да врши ископ на земјиште без никаква дозвола и притоа хипотетички може сериозно да ја загрози животната средина не само на месното население туку и пошироко во земјата, а притоа одговорноста ќе биде ничија, бидејќи никој всушност ниту издал дозвола за таков ископ, ниту пак, ја проверил исполнетоста на условите за таквата активност.

Субјектите во правото, своите права и обврски ги остваруваат во пропишани процедури, како гаранција за оживотворување на принципот на владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок. Постоењето на процедурите и нивното спроведување, е гаранција и за правната сигурност на граѓаните, дека нивните слободи и права нема да бидат доведени во прашање, доколку тие не би постоеле и доколку не се спроведуваат во целост.

Во оваа смисла, длабоко сум убедена дека оспореното законско решение дозволува преземање активности во природата, без окончана постапка за доделување концесија, и на тој начин не е во согласност со принципот на владеење на правото и правната сигурност на граѓаните дека никој нема да заснова односи во правото и да презема активности, во отсуство на донесена одлука на јавната власт во законито спроведена и окончана постапка, а поврзано со ова, загрозена е и правната сигурност на граѓаните дека државата ќе се грижи за нивната животна средина и здравјето на луѓето, ако се има предвид дека предметните концесии на што се однесува оспорената законска содржина, директно ја тангираат животната средина. Во конкретниот случај, според оспореното законско решение, субјектите можат да вршат истражување и експлоатација на минерални суровини, штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено, поточно, уште пред да се оконча постапката, без донесена одлука за доделување на концесија, и без склучен договор за таа цел. Во суштина, оспорениот исклучок дозволува релативизирање на постојната процедура којашто подразбира сеопфатна проценка на ризиците по животната средина, односно влијанието на активностите по здравјето на човекот, растителниот и животинскиот свет, а ги вклучува и ставовите на јавноста, а особено интересите на оние кои се засегнати или изложени на ризик да бидат засегнати од одлуките на јавната власт.

Врз основа на сето изнесено, моето лично убедување е дека со донесеното Решение на Уставниот суд за неповедување на постапка за оценување на уставноста на на член 10 став 4 во делот „со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот” од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Кафасан) и коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, доведени се во прашање темелните вредности на уставниот поредок од член 8 став 1 алинеи 3 и 10 од Уставот, уставното право на секој на здрава животна средина и не се имплементира уставната обврска на Републиката за обезбедување услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина од член 43 на Уставот.

Судија
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
проф.д-р **Ана Павловска-Данева,** с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4610.

Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9), а во врска со член 214 став (5) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.12.2024 година, донесе

П Р А В И Л Н И К[1] ЗА СОДРЖИНАТА НА ТАРИФНИКОТ НА ПАЗАРНИОТ ОПЕРАТОР

Член 1

(1) Со Правилникот за содржината на тарифникот на пазарниот оператор (во понатамошниот текст: Правилник) подетално се утврдува содржината на тарифникот на пазарниот оператор.

(2) Овој Правилник соодветно се однесува и за оператор на МПТ и ОПТ.

Член 2

Пазарниот оператор е должен да донесе тарифник согласно член 193 став (1) од Законот за финансиски инструменти (во понатамошниот текст: Законот).

Правични и недискриминаторски надоместоци

Член 3

(1) Пазарниот оператор наплаќа ист надоместок и обезбедува еднакви услови за сите корисници на ист тип на услуга врз основа на објективни критериуми.

(2) Пазарниот оператор воспоставува различни структури на надоместоци за исти видови услуги само доколку тие структури на надоместоци се засноваат на недискриминаторски, мерливи и објективни критериуми кои се однесуваат на:

а) вкупен обем на тргување, број на трансакции, односно кумулирани надоместоци за тргување;

б) услуги или пакет на услуги кои ги врши пазарниот оператор;

(в) обемот или областа на употреба на надоместокот кој се пропишува;

(г) обезбедување ликвидност во согласност со член 189 ставови (1) и (2) од Законот.

(3) Пазарниот оператор обезбедува дека неговата структура на надоместоци е доволно детална за да им овозможи на корисниците да ги предвидат надоместоците кои ќе биде потребно да ги платат врз основа на следните елементи:

(а) услуги за кои се наплатува надоместок, вклучувајќи и активност поради која се наплаќа надоместокот;

(б) надоместоци за секоја услуга, со напомена дали надоместокот е фиксен или променлив;

(в) попусти, стимулации и нестимулативни мерки.

(4) Пазарниот оператор е должен да овозможи пристап до поединечните услуги без поврзување со други услуги.

[1]Со овој Правилник се врши усогласување со Делегираната уредба 2017/573 на Комисијата од 6 јуни 2016 година за дополнување на Директивата 2014/65/ЕУ за пазарите на финансиски инструменти во поглед на регулаторните технички стандарди за барањата за обезбедување фер и недискриминаторски услуги за колокација и структури на надоместоци

Транспарентност на структурата на надоместоци

Член 4

Пазарниот оператор пред носење на тарифникот и секоја негова измена ги објавува објективните критериуми за утврдување на надоместоците и структурата на надоместоци и другите услови од член 3 од овој Правилник, вклучувајќи надоместоци за извршување, надоместоци за помошни услуги, попусти, стимулации и нестимулативни мерки во еден сеопфатен и јавно достапен документ на неговата интернет страна.

Видови на забранети надоместоци

Член 5

Пазарниот оператор не смее да им понуди структура на надоместоци на своите членки или клиенти во рамките на која на сите нивни трансакции, по надминувањето на определен праг, се применува понизок надоместок за одреден период, вклучувајќи ги и трансакциите кои се извршени пред достигнувањето на тој праг.

Завршни одредби

Член 6

Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со денот на почеток на примена на Законот за финансиски инструменти.

Број 01-860/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në pajtim me nenin 427, paragrafi (1) dhe nenin 438, nënparagrafi 9), në lidhje me nenin 214, paragrafi (5) të Ligjit të Instrumenteve Financiare (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 66/2024), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më datë 19.12.2024, miratoi

RR E G U LL O R E[1] PËR PËRMBAJTJEN E TARIFORES SË OPERATORIT TË TREGUT

Neni 1

(3) Me Rregulloren për përmbajtjen e tarifores së operatorit të tregut (në tekstin e mëtejmë: Rregullore) më hollësisht përcaktohet përmbajtja e Tarifores së operatorit të tregut.

(4) Kjo Rregullore në mënyrë përkatëse i referohet edhe operatorit të PSHT dhe POT.

Neni 2

Operatori i tregut ka për obligim që të sjell Tarifore në përputhje me nenin 193 paragrafi (1) i Ligjit të Instrumenteve Financiare (në tekstin e mëtejmë: Ligji).

[1]Me këtë Rregullore kryhet harmonizimi me Dekretin e deleguar 2017/573 të Komisionit nga 6 qershori i vitit 2016 për plotësim të Direktivës 2014/65/BE për tregjet e instrumenteve financiare në aspekt të standardeve teknike rregullatore për sigurimin e shërbimeve të drejta dhe jodiskriminuese për kolokacion dhe struktura të kompensimeve

Kompensimet e drejta dhe jodiskriminuese

Neni 3

(1) Operatori i tregut arkëton kompensim të njëjtë dhe siguron kushte të barabarta për të gjithë përdoruesit e tipit të njëjtë të shërbimit në bazë të kritereve objektive.

(2) Operatori i tregut vendos struktura të ndryshme të kompensimeve për lloje të njëjta të shërbimeve vetëm nëse ato struktura të kompensimeve bazohen në kritere jodiskriminuese, të matshme dhe objektive të cilat i referohen:

b) vëllimit total të tregtimit, numrit të transaksioneve, respektivisht kompensimeve të kumuluara për tregtim;

b) shërbimeve ose pakos së shërbimeve të cilat i kryen operatori i tregut;

(c) vëllimit ose sferës së përdorimit të kompensimit i cili përcaktohet;

(ç) sigurimit të likuiditetit në përputhje me nenin 189 paragrafet (1) dhe (2) të Ligjit.

(3) Operatori i tregut siguron se struktura e tij e kompensimeve është mjaftueshëm e hollësishme për t'u mundësuar përdoruesve që t' parashikojnë kompensimet të cilat do duhet t'i paguajnë në bazë të elementeve në vijim:

(a) shërbimet për të cilat arkëtohet kompensim, përfshirë edhe aktivitetin për shkak të së cilit arkëtohet kompensimi;

(b) kompensimet për çdo shërbim, me shënim nëse kompensimi është fiks ose variabil;

(c) zbritjet, stimulimet dhe masat jostimuluese.

(4) Operatori i tregut ka për obligim që të mundësojë qasje në shërbimet e veçuara pa ndërlidhje me shërbime të tjera.

Transparenca e strukturës së kompensimeve

Neni 4

Operatori i tregut, para miratimit të Tarifores dhe secilit ndryshim të saj i publikon kriteret objektive për përcaktimin e kompensimeve dhe strukturën e kompensimeve dhe kushteve të tjera nga neni 3 i kësaj rregulloreje, duke përfshirë kompensime për zbatim, kompensime për shërbime ndihmëse, zbritje, stimulime dhe masa jostimuluese në një dokument gjithëpërfshirës dhe publikisht të disponueshëm në faqen e tij të internetit.

Lloje të kompensimeve të ndaluara

Neni 5

Operatori i tregut nuk mund t'u ofrojë anëtarëve ose klientëve të vet strukturë të kompensimeve në kuadër të së cilës në të gjitha transaksionet e tyre, pas tejkalimit të një pragu të caktuar, zbatohet kompensimi më i ulët për një periudhë të caktuar, përfshirë edhe transaksionet të cilat janë kryer përpara arritjes së pragut në fjalë.

Dispozita përfundimtare

Neni 6

Kjo Rregullore hyn në fuqi pas 8 ditësh nga dita e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërkaq do të zbatohet me ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit të Instrumenteve Financiare.

Numër 01-860/1
19.12.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë
i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.sc. **Nora Aliti**, d.v.

4611.

Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9), а во врска со член 190 став (3) од Законот за финансиски инструменти ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.12.2024 година го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНАТА КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ[1]

ДЕЛ 1

Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за начинот на утврдување на минималната корекција на цени (во понатамошниот текст: Правилник) подетално се пропишува начинот на утврдување на минималната корекција на цени, правилата за корекција на цени согласно условите утврдени во член 190 став (2) од Законот, како и измените на одреден режим на корекција на цени.

Поими

Член 2

(1) Поимите кои се употребуваат во овој Правилник го имаат следново значење:

1. „**Комисија**" е Комисија за надзор на пазарот на капитал;

2. „**Закон**" е Закон за финансиски инструменти.

(2) Сите други поими од овој Правилник го имаат истото значење како во Законот.

ДЕЛ 2

Најрелевантен пазар во однос на ликвидноста

Член 3

(1) За целите на овој Правилник, најрелевантен пазар во однос на ликвидноста за акција, потврда за депонирани хартии од вредност, ЕТФ или друг сличен финансиски инструмент се смета местото на тргување на кое единствено се тргува со тој финансиски инструмент. Во случај кога постојат места на тргување управувани од различни пазарни оператори, најрелеватниот пазар е пазарот со најголем остварен промет во Република Северна Македонија и истиот го утврдува Комисијата врз основа на добиени податоци од пазарните оператори.

(2) За потребите на утврдување на најрелевантен пазар во однос на ликвидноста од став (1) од овој член, пазарниот оператор врши пресметка на прометот во согласност со методологијата утврдена во став (3) од овој член на Правилникот во однос на секој финансиски инструмент уреден со Законот и за секое место на тргување на кое се тргува со тој финансиски инструмент и истата ја испраќа до Комисијата.

---

[1]- Делегирана Уредба на Комисијата 2017/587 од 14 јули 2016 година со која се дополнува Регулативата број 600/2014 на Европскиот парламент и на Советот за пазарите на финансиски инструменти во однос на регулаторните технички стандарди за барањата за транспарентност за местата на тргување и инвестициските друштва во однос на акциите, сертификати за депозит, фондови со кои се тргува на регулиран пазар, сертификати и други слични финансиски инструменти и за обврски за извршување на трансакции во однос на одредени акции на место на тргување или од систематски интернализатор (CELEX број 32017R0587);

- Делегирана Уредба на Комисијата 2017/588 од 14 јули 2016 година со која се дополнува Директивата 2014/65/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот во однос на регулаторните технички стандарди за минималната корекција на цени за акции, сертификати за депозит и фондови со кои се тргува на регулиран пазар (CELEX број 32017R0588).

(3) Вкупниот промет за одреден финансиски инструмент од став (1) од овој член се пресметува со собирање на резултатите добиени од множење, за секоја трансакција извршена во зададениот временски период, бројот на единици од тој финансиски инструмент разменети меѓу купувачот и продавачот и цената на единица која е важечка за таа трансакција.

(4) Пресметката од став (1) и став (2) од овој член ги има следните карактеристики:

а) за секое место на тргување, ги опфаќа трансакциите склучени во согласност со правилата на тоа место на тргување, исклучувајќи ги договорените трансакции од членот 4 на овој Правилник, како и други видови трансакции кои не се во рамките на редовното тргување согласно правилата на тоа место на тргување.

б) ја опфаќа претходната календарска година или, доколку е применливо, периодот од претходната календарска година во текот на кој финансискиот инструмент бил примен за тргување или истиот не бил суспендиран од тргување.

(5) До утврдувањето на најрелевантен пазар во однос на ликвидноста во согласност со постапката од ставовите (1) до (4) од овој член, за најрелевантен пазар во однос на ликвидноста се смета местото на тргување на кое тој финансиски инструмент бил првпат примен за тргување или на кое првпат се тргувало со тој финансиски инструмент.

(6) Ставовите (2) и (4) од овој член не се применуваат на акции, потврди за депонирани хартии од вредност, ЕТФ и други слични финансиски инструменти кои за прв пат биле примени за тргување или со нив за првпат се тргувало на местото за тргување четири месеци или помалку пред крајот на претходната календарска година.

Посебни карактеристики на договорените трансакции

Член 4

Договорена трансакција со акции, потврди за депонирани хартии од вредност, ЕТФ или други слични финансиски инструменти е трансакција која се договара приватно и се пријавува согласно правилата на местото на тргување, за која важат следните критериуми:

а) две членки или учесници на тоа место на тргување дејствуваат во било која од следните улоги:

- едната членка/учесник тргува за сопствена сметка, а другата членка/учесник тргува во име и за сметка на клиентот;

- двете членки/учесници тргуваат за сопствена сметка;

- двете членки/учесници тргуваат во име и за сметка на клиентот.

б) една членка или учесник на тоа место на тргување извршува било што од следното:

- дејствува во име и за сметка на купувачот и продавачот;

- тргува за сопствена сметка наспроти налог на клиентот.

ДЕЛ 3

Минимална корекција на цени за акции, потврди за депонирани хартии од вредност и ЕТФ

Член 5

(1) Местата за тргување за налози за акции или потврди за депонирани хартии од вредност применуваат корекција на цени што е еднаква или поголема од онаа која се однесува на:

а) категорија на ликвидност утврдена во Правилата за корекција на цени која одговара на просечниот дневен број трансакции на најрелевантниот пазар во однос на ликвидноста за тој финансиски инструмент;

б) распон на цени во таа категорија на ликвидност која одговара на цената од налогот.

(2) Местата за тргување на налози за ЕТФ применуваат корекција на цени што е еднаква или поголема од онаа која се однесува на:

а) категорија на ликвидност утврдена во Правилата за корекција на цени, која одговара на најголемиот просечен дневен број на трансакции;

б) распон на цени во таа категорија на ликвидност која одговара на цената во налогот.

(3) Условите од став (2) на овој член се применуваат само на ЕТФ кои во својата основа имаат финансиски инструменти кои се исклучиво сопственички инструменти и на кои се применува режимот на корекција на цени во согласност со став (1) од овој член или кошничка од такви сопственички инструменти.

Просечен дневен број на трансакции за акции и потврди за депонирани хартии од вредност

Член 6

(1) При определување на најрелевантниот пазар во однос на ликвидноста за одредена акција или потврда за депонирани хартии од вредност, пазарниот оператор го пресметува и објавува просечниот дневен број на трансакции за таа акција или потврда за депонирани хартии од вредност на тој регулиран пазар до 1 март секоја година.

(2) Пресметката од став (1) на овој член ги има следните карактеристики:

а) за секое место на тргување се опфатени трансакциите извршени во согласност со правилата на тоа место на тргување, со исклучок на договорените трансакции на начин од членот 4 на овој Правилник, како и други видови трансакции кои не се во рамките на редовното тргување согласно правилата на тоа место на тргување;

б) е опфатена претходната календарска година или, доколку е применливо, периодот од претходната календарска година во текот на кој финансискиот инструмент бил примен за тргување или финансискиот инструмент не бил суспендиран од тргување.

(3) Ставовите (1) и (2) од овој член не се применуваат на акции и потврди за депонирани хартии од вредност кои за првпат биле примени за тргување или за првпат биле тргувани на местото на тргување пократко од четири месеци од претходната календарска година.

(4) Местата на тргување применуваат корекции на цени по категорија на ликвидност, која се однесува на просечниот дневен број на трансакции, објавен согласно став (1) на овој член, почнувајќи од првиот понеделник во април по таа објава.

(5) Пред првиот прием за тргување или пред првиот ден на тргување со акција или потврда за депонирани хартии од вредност или доколку со финансискиот инструмент се тргувало пократко од четири месеци во претходната календарска година, пазарниот оператор го проценува просечниот дневен број на трансакции за местото на тргување, земајќи го предвид, доколку е применливо, претходното тргување со тој финансиски инструмент или претходното тргување со финансиски инструменти кои имаат слични карактеристики и ја објавува проценката. Корекцијата на цените по категорија на ликвидност, која се однесува на објавената проценка на просечниот дневен број на трансакции, се применува од објавувањето на проценката до објавувањето на просечниот дневен број на трансакции за тој финансиски инструмент согласно став (6) од овој член.

(6) Најдоцна во рок од шест месеци од првиот ден на тргување со акција или потврда за депонирани хартии од вредност, пазарниот оператор го пресметува и објавува просечниот дневен број на трансакции со тој финансиски инструмент врз основа на податоците кои се однесуваат на првите четири месеци од тргување со тој финансиски инструмент. Корекцијата на цени по категорија на ликвидност, која се однесува на објавениот просечен дневен број на трансакции, се применува од денот на објавувањето до денот на пресметување и објавување на новиот просечен дневен број на трансакции за тој финансиски инструмент согласно постапката утврдена од став (1) до став (4) на овој член.

(7) Просечниот дневен број на трансакции за релевантниот период и релевантното место за тргување за финансиски инструменти се пресметува со делење на вкупниот број на трансакции за тој финансиски инструмент со бројот на денови на тргување.

(8) Пазарниот оператор може да го прилагоди просечниот дневен број на трансакции за одредена акција, пресметан или проценет за таа акција во согласност со постапката утврдена во ставовите (1) до (7) од овој член, кога просечниот дневен број на трансакции, пресметан и објавен согласно постапката од ставовите (1) до (4) од овој член, е еднаков или поголем од еден.

(9) Доколку пазарниот оператор го прилагоди просечниот дневен број на трансакции за акција согласно став (8) од овој член е должен да го објави прилагодениот просечен дневен број на трансакции.

(10) Местата на тргување применуваат корекција на цени по категорија на ликвидност, која се однесува на прилагодениот просечен дневен број на трансакции, почнувајќи од вториот календарски ден по неговото објавување.

Корпоративни дејствија

Член 7

Во случај кога пазарниот оператор смета дека корпоративно дејствие може да го промени просечниот дневен број на трансакции за одреден финансиски инструмент и дека поради тоа може да се промени категоријата на ликвидност на тој финансиски инструмент, утврдува и објавува нова категорија на ликвидност за тој финансиски инструмент пресметана во согласност со постапката утврдена во член 6 ставови (5) и (6) на овој Правилник за тој финансиски инструмент, при што спрема истиот постапува како првпат да е примен за тргување или како првпат да се тргува на место за тргување.

Преодни и завршни одредби

Член 8

(1) Пазарниот оператор за местото на тргување, на кое акцијата или потврдата за депонирани хартии од вредност за првпат биле примени за тргување или со кои за првпат се тргувало на местото за тргување пред денот на започнување на примена на правилата на местото на тргување со кое управува, е должен да ги собира потребните податоци, и да го пресметува и објавува просечниот дневен број на трансакции со тој финансиски инструмент, согласно член 6 од овој Правилник во на денот на започнување на примена на правилата на местото на тргување со кое управува пазарниот оператор, а од наредната година што започнува по тој датум најдоцна до 1 март.

(2) Пресметките од став (1) се врши согласно член 6 од Правилникот.

(3) Корекцијата на цени по категоријата на ликвидност, која се однесува на објавениот просечен дневен број на трансакции од став (1) на овој член, започнува да се применува од денот започнување на примена на правилата на местото на тргување со кое управува пазарниот оператор, а од наредната година по тој датум најдоцна до 1 април во годината.

(4) Во текот на периодот наведен во став (3) од овој член, пазарниот оператор е должен да обезбеди дека корекцијата на цени не предизвикува нарушени услови за тргување.

(5) Комисијата, доколку утврди дека поради таквите корекциии на цени постои ризик за редовното функционирање на пазарите, ќе го задолжи пазарниот оператор да утврди и објави ажуриран просечен дневен број на трансакции за релевантните финансиски инструменти со цел да го намали ризикот.

(6) За потребите на став (5) од овој член, пазарниот оператор е должен да користи сеопфатни податоци за претходно тргување со тие финансиски инструменти кои опфаќаат подолг временски период.

(7) Местата на тргување се должни веднаш да ја применуваат категоријата на ликвидност која се однесува на ажурираниот просечен дневен број на трансакции од став (5) на овој член.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со денот на почеток на примена на Законот за финансиски инструменти.

Број 01-861/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në bazë të nenit 427, paragrafi (1) dhe nenit 438 nënparagrafi 9), dhe në lidhje me nenin 190, paragrafi (3) të Ligjit të Instrumenteve Financiare (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 66/2024), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më datë 19.12.2024, e miratoi këtë

RREGULLORE
PËR MËNYRËN E PËRCAKTIMIT TË KORRIGJIMIT MINIMAL TË ÇMIMEVE[1]

PJESA 1

Dispozita të përgjithshme

Neni 1

Me Rregulloren për mënyrën e përcaktimit të korrigjimit minimal të çmimeve (në tekstin e mëtejmë: Rregullore) në mënyrë të detajuar përcaktohet mënyra e përcaktimit të korrigjimit minimal të çmimeve, rregullat për korrigjimin e çmimeve në pajtim me kushtet e përcaktuara në nenin 190, paragrafi (2) të Ligjit, si dhe ndryshimet e një regjimi të caktuar të korrigjimit të çmimeve.

---

[1] - Dekreti i deleguar i Komisionit 2017/587 i 14 Korrikut 2016 me të cilën plotësohet Rregullativa numër 600/2014 e Parlamentit Europian dhe e Këshillit për tregjet e instrumenteve financiare në raport me standardet teknike rregullatore për kërkesat për transparencë për vendet e tregtimit dhe shoqërive të investimeve në raport me aksionet, dëftesat e depozitarit, fondet me të cilat tregtohet në treg të rregulluar, certifikata dhe instrumente të tjera financiare të ngjashme dhe për detyrime për zbatimin e transaksioneve në raport me aksione të caktuara në vendin e tregtimit ose internalizator sistematik (CELEX numër 32017R0587);

- Dekreti i deleguar i Komisionit 2017/588 i 14 korrikut 2016 me të cilin plotësohet Direktiva 2014/65/BE e Parlamentit Europian dhe e Këshillit në raport me standardet teknike rregullatore për korrigjim minimal të çmimeve për aksionet, dëftesat e depozitarit dhe fondet me të cilat tregtohet në treg të rregulluar (CELEX numër 32017R0588).

Nocione

Neni 2

(1) Nocionet të cilat përdoren në këtë Rregullore kanë kuptimin e mëposhtëm:

1. "**Komisioni**" është Komisioni i Mbikëqyrjes së Tregut të Kapitalit;

2. "**Ligji**" është Ligji i Instrumenteve Financiare.

(2) Të gjitha nocionet e tjera nga kjo Rregullore e kanë domethënien e njëjtë si në Ligjin.

PJESA 2

Tregu më relevant në raport me likuiditetin

Neni 3

(1) Për qëllimet e kësaj Rregulloreje, tregu më relevant në raport me likuiditetin për aksion, dëftesa depozitari, ETF ose instrument tjetër të ngjashëm financiar, konsiderohet vendi i tregtimit në të cilin tregtohet vetëm me atë instrument financiar. Në rast kur ekzistojnë vende të tregtimit të administruara nga operator të ndryshëm të tregut, tregu më relevant është tregu me qarkullimin më të madh të realizuar në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe të njëjtin e përcakton Komisioni në bazë të të dhënave të marra nga operatorët e tregut.

(2) Për nevojat e përcaktimit të tregut më relevant në raport me likuiditetin nga paragrafi (1) i këtij neni, operatori i tregut kryen përllogaritje të qarkullimit në pajtim me metodologjinë e përcaktuar në paragrafin (3) të këtij neni të Rregullores në raport me çdo instrument financiar të rregulluar me Ligjin dhe për çdo vend të tregtimit në të cilin tregtohet me instrumentin financiar në fjalë dhe të njëjtën e dërgon deri te Komisioni.

(3) Qarkullimi total për instrument të caktuar financiar nga paragrafi (1) i këtij neni përllogaritet me grumbullimin e rezultateve të marra nga shumëzimi, për çdo transaksion të kryer në periudhën e caktuar kohore, numri i njësive nga ky instrument financiar, të shkëmbyera ndërmjet blerësit dhe shitësit, dhe çmimi i njësisë, i cili është i vlefshëm për atë transaksion.

(4) Përllogaritja nga paragrafi (1) dhe paragrafi (2) i këtij neni i ka karakteristikat vijuese:

a) për çdo vend të tregtimit, i përfshin transaksionet e përmbyllura në pajtim me rregullat e vendit të tregtimit në fjalë, duke përjashtuar transaksionet e negociuara nga neni 4 i kësaj rregulloreje, si dhe lloje të tjera të transaksioneve të cilat nuk janë në kuadër të tregtimit të rregullt në pajtim me rregullat e vendit të tregtimit në fjalë.

b) e përfshin vitin e mëparshëm kalendarik ose, përderisa është e zbatueshme, periudhën nga viti i mëparshëm kalendarik, gjatë së cilit instrumenti financiar ka qenë i pranuar për tregtim ose i njëjti nuk ka qenë i pezulluar nga tregtimi.

(5) Deri në përcaktimin e tregut më relevant në raport me likuiditetin në pajtim me procedurën nga paragrafët (1) deri (4) të këtij neni, për tregun më relevant në raport me likuiditetin konsiderohet vendi i tregtimit, në të cilin ai instrument financiar ka qenë për herë të parë i pranuar për tregtim ose në të cilin për herë të parë është tregtuar me atë instrument financiar.

(6) Paragrafët (2) dhe (4) të këtij neni nuk zbatohen për aksionet, dëftesat e depozitarit, ETF-të dhe instrumentet e tjera të ngjashme financiare, të cilat për herë të parë janë pranuar për tregtim ose me ato për herë të parë është tregtuar në vendin e tregtimit katër muaj ose më pak përpara fundit të vitit kalendarik paraardhës.

Karakteristika të posaçme të transaksioneve të negociuara

Neni 4

Transaksioni i negociuar në aksione, dëftesa depozitari, ETF ose instrumente të tjera financiare të ngjashme, është transaksion i cili negociohet në mënyrë private dhe raportohet në pajtim me rregullat e vendit të tregtimit, për të cilin vlejnë kriteret e mëposhtme:

a) dy anëtar ose pjesëmarrës në atë vend të tregtimit veprojnë në cilëndo prej roleve vijuese:

- njëri anëtar/pjesëmarrës tregton për llogari të vet, kurse anëtari/pjesëmarrësi tjetër tregton në emër dhe për llogari të klientit;
- të dy anëtarët/pjesëmarrësit tregtojnë për llogari të vet;
- të dy anëtarët/pjesëmarrësit tregtojnë në emër dhe për llogari të klientit.

b) një anëtar ose pjesëmarrës në atë vend të tregtimit zbaton çfarëdo prej së vijueses:

- vepron në emër dhe për llogari të blerësit dhe shitësit;
- tregton për llogari të vet kundrejt urdhrit të një klienti.

PJESA 3

Korrigjimi minimal i çmimeve për aksione, dëftesa të depozitarit dhe ETF-të

Neni 5

(1) Vendet e tregtimit për urdhrat për aksione ose dëftesa depozitari zbatojnë korrigjim të çmimeve që është i barabartë ose më i madh se ai të cili i referohet:

a) kategoria e likuiditetit e përcaktuar në Rregullat për korrigjim të çmimeve, e cila korrespondon me numrin mesatar ditor të transaksioneve në tregun më relevant në raport me likuiditetin për atë instrument financiar;

b) gama e çmimeve në atë kategori të likuiditetit, e cila korrespondon me çmimin e urdhrit.

(2) Vendet e tregtimit ndaj urdhrave për ETF zbatojnë korrigjim të çmimeve që është i barabartë ose më i madh se ai që i referohet:

a) kategoria e likuiditetit e përcaktuar në Rregullat për korrigjim të çmimeve, e cila korrespondon me numrin më të madh mesatar ditor të transaksioneve;

b) gama e çmimeve në atë kategori të likuiditetit, që korrespondon me çmimin në urdhrin.

(3) Kushtet nga paragrafi (2) i këtij neni zbatohen vetëm për ETF-të, të cilat në bazën e tyre kanë instrumente financiare që janë ekskluzivisht instrumente pronësore dhe për të cilat zbatohet regjimi i korrigjimit të çmimeve në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni ose shportë e instrumenteve të tilla pronësore.

Numri mesatar ditor i transaksioneve për aksione dhe dëftesa depozitari

Neni 6

(1) Gjatë përcaktimit të tregut më relevant në raport me likuiditetin për një aksion të caktuar ose dëftesë depozitari, operatori i tregut e përllogarit dhe e publikon numrin mesatar ditor të transaksioneve për atë aksion ose dëftesë depozitari në atë treg të rregulluar deri më 1 mars të çdo viti.

(2) Përllogaritja nga paragrafi (1) i këtij neni i ka karakteristikat e mëposhtme:

a) për çdo vend të tregtimit janë të përfshira transaksionet e kryera në pajtim me rregullat e atij vendi të tregtimit, me përjashtim të transaksioneve të negociuara në

mënyrën nga neni 4 i kësaj rregulloreje, si dhe lloje të tjera transaksioneve që nuk janë në kuadër të tregtimit të rregullt në pajtim me rregullat e vendit të tregtimit në fjalë;

b) është përfshirë viti i mëparshëm kalendarik ose, nëse është e zbatueshme, periudha nga viti i mëparshëm kalendarik, gjatë së cilit instrumenti financiar ka qenë i pranuar për tregtim ose instrumenti financiar nuk ka qenë i pezulluar nga tregtimi.

(3) Paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni nuk zbatohen për aksione dhe dëftesa depozitari të cilat për herë të parë kanë qenë të pranuara për tregtim ose për herë të parë kanë qenë të tregtuara në vendin e tregtimit më shkurtë se katër muaj nga viti i mëparshëm kalendarik.

(4) Vendet e tregtimit zbatojnë korrigjime të çmimeve për kategori të likuiditetit, e cila i referohet numrit mesatar ditor të transaksioneve, të publikuar në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni, duke filluar nga e hëna e parë e prillit pas atij publikimi.

(5) Para pranimit të parë për tregtim ose para ditës së parë të tregtimit në aksione ose dëftesa depozitari ose përderisa me instrumentin financiar është tregtuar më shkurtë se katër muaj në vitin e mëparshëm kalendarik, operatori i tregut e vlerëson numrin mesatar ditor të transaksioneve për vendin e tregtimit, duke marrë parasysh, nëse është e zbatueshme, tregtimin e mëparshëm me atë instrument financiar ose tregtimin e mëparshëm me instrumente financiare të cilat kanë karakteristika të ngjashme dhe e publikon vlerësimin. Korrigjimi i çmimeve sipas kategorisë së likuiditetit, që i referohet vlerësimit të publikuar të numrit mesatar ditor të transaksioneve, zbatohet nga publikimi i vlerësimit deri në publikimin e numrit mesatar ditor të transaksioneve për atë instrument financiar në pajtim me paragrafin (6) të këtij neni.

(6) Jo më vonë se brenda gjashtë muajsh nga dita e parë e tregtimit me aksion ose dëftesa depozitari, operatori i tregut e përllogarit dhe e publikon numrin mesatar ditor të transaksioneve me atë instrument financiar në bazë të të dhënave të cilat u referohen katër muajve të parë të tregtimit me atë instrument financiar. Korrigjimi i çmimeve sipas kategorisë së likuiditetit, që i referohet numrit të publikuar mesatar ditor të transaksioneve, zbatohet nga dita e publikimit deri në ditën e përllogaritjes dhe publikimit të numrit të ri mesatar ditor të transaksioneve për atë instrument financiar në pajtim me procedurën e përcaktuar nga paragrafi (1) deri në paragrafin (4) të këtij neni.

(7) Numri mesatar ditor i transaksioneve për periudhën relevante dhe vendin relevant të tregtimit për instrumente financiare përllogaritet duke pjesëtuar numrin total të transaksioneve për atë instrument financiar me numrin e ditëve të tregtimit.

(8) Operatori i tregut mund të përshtatë numrin mesatar ditor të transaksioneve për një aksion të caktuar, të përllogaritur ose vlerësuar për atë aksion në pajtim me procedurën e përcaktuar në paragrafët (1) deri në (7) të këtij neni, kur numri mesatar ditor i transaksioneve i përllogaritur dhe i publikuar në pajtim me procedurën nga paragrafët (1) deri në (4) të këtij neni, është i barabartë ose më i madh se një.

(9) Përderisa operatori i tregut e përshtat numrin mesatar ditor të transaksioneve për aksion në pajtim me paragrafin (8) të këtij neni, ka për obligim që të publikojë numrin e përshtatur mesatar ditor të transaksioneve.

(10) Vendet e tregtimit zbatojnë korrigjim të çmimeve për kategori të likuiditetit, i cili i referohet numrit të përshtatur mesatar ditor të transaksioneve, duke filluar nga dita e dytë kalendarike pas publikimit të tij.

Veprimet korporative

Neni 7

Në rast kur operatori i tregut konsideron se veprimi korporativ mund të ndryshojë numrin mesatar ditor të transaksioneve për një instrument të caktuar financiar dhe se për shkak të kësaj mund të ndryshojë kategoria e likuiditetit të instrumentit financiar në fjalë, përcakton dhe publikon kategori të re të likuiditetit për atë instrument financiar, të përllogaritur në pajtim me procedurën e përcaktuar në nenin 6, paragrafët (5) dhe (6) të kësaj rregulloreje për atë instrument financiar, gjatë së cilës ndaj së njëjtit vepron sikurse për herë të parë është pranuar për tregtim ose sikurse për herë të parë të tregtohet në vendin e tregtimit.

Dispozita kalimtare dhe përfundimtare

Neni 8

(1) Operatori i tregut për vendin e tregtimit, në të cilin aksioni ose dëftesa e depozitarit për herë të parë kanë qenë të pranuara për tregtim ose me të cilat për herë të parë është tregtuar në vendin e tregtimit para ditës së fillimit të zbatimit të rregullave të vendit të tregtimit me të cilin administron, ka për obligim që t'i grumbullojë të dhënat e nevojshme, si dhe të përllogarisë dhe të publikojë numrin mesatar ditor të transaksioneve me atë instrument financiar, në pajtim me nenin 6 të kësaj rregulloreje në ditën e fillimit të zbatimit të rregullave të vendit të tregtimit me të cilin administron operatori i tregut, nga viti i ardhshëm që fillon pas asaj date jo më vonë se deri më 1 mars.

(2) Përllogaritjet nga paragrafi (1) kryhen në pajtim me nenin 6 të rregullores.

(3) Korrigjimi i çmimeve sipas kategorisë së likuiditetit, që i referohet numrit të publikuar mesatar ditor të transaksioneve nga paragrafi (1) i këtij neni, fillon të zbatohet nga dita e fillimit të zbatimit të rregullave të vendit të tregtimit me të cilin administron operatori i tregut, nga viti i ardhshëm pas asaj date jo më vonë se deri më 1 prill në vitin.

(4) Gjatë periudhës së përmendur në paragrafin (3) të këtij neni, operatori i tregut ka për obligim që të sigurojë se korrigjimi i çmimeve nuk shkakton kushte të çrregulluara të tregtimit.

(5) Komisioni, përderisa konstaton se për shkak të korrigjimeve të tilla të çmimeve ekziston rrezik për funksionimin e rregullt të tregjeve, do ta ngarkojë operatorin e tregut që të përcaktojë dhe publikojë numër të përditësuar mesatar ditor të transaksioneve për instrumentet relevante financiare me qëllim që të zvogëlohet rreziku.

(6) Për nevojat e paragrafit (5) të këtij neni, operatori i tregut ka për obligim që të përdor të dhëna gjithëpërfshirëse për tregtimin e mëparshëm me ato instrumente financiare, të cilat përfshijnë periudhë më të gjatë kohore.

(7) Vendet e tregtimit kanë për obligim që menjëherë të zbatojë kategorinë e likuiditetit, e cila i referohet numrit të përditësuar mesatar ditor të transaksioneve nga paragrafi (5) i këtij neni.

Neni 9

Kjo Rregullore hyn në fuqi 8 ditë nga dita e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, dhe do të zbatohet me ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit të Instrumenteve Financiare.

Numër 01-861/1
19.12.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë
i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.sc. **Nora Aliti**, d.v.

4612.

Врз основа на член 34, член 70, член 75, член 91, член 92, член 100, член 131 и член 190, а во врска со член 71, член 90, член 93, член 99, член 128, член 184 и член 199 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.31/2020, 288/2021 и 53/2024) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.12.2024 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА СОДРЖИНА, ФОРМА И РОКОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОВЛАСТЕНИТЕ УЧЕСНИЦИ, БЕРЗИ И ДЕПОЗИТАРИ

Член 1

Во Правилникот за задолжителната содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 273/2020) се вршат следниве измени:

1. во член 3 ставот (3) се менува и гласи: „Содржината на извештаите е пропишана во Прилог 1, Образец 1.1, Образец 1.2, Образец 1.3 и Образец 1.4 кои се составен дел на овој Правилник.“;

2. во член 4 ставот (6) се менува и гласи: „ Содржината на извештајот од став (1) на овој член е пропишана со Прилог 1, Образец 1.5 кој е составен дел на овој Правилник“;

3. во член 4 ставот (7) се менува и гласи: „ Содржината на изјавата од став (4) на овој член е пропишана со Прилог 1, Образец 1.6 кој е составен дел на овој Правилник.“;

4. во член 5:

-ставот (2) се менува и гласи: „Извештаите од став (1) на овој член содржат извештај за финансиската состојба, извештај за сеопфатна добивка, извештај за парични текови и извештај за промените на капиталот и извештај за имотот што се чува и се изработуваат за период од почетокот на годината заклучно со последниот ден од периодот за кој се однесува извештајот.“ и

-ставот (3) се менува и гласи: „ Содржината на извештаите е пропишана во Прилог 1, Образец 1.7, Образец 1.8, Образец 1.9, Образец 1.10 и Образец 1.11 кои е составен дел на овој Правилник“;

5. во член 11 ставот (3) се менува и гласи: „ Содржината на извештаите е пропишана во Прилог 2, Образец 2.1, Образец 2.2 и Образец 2.3 кои се составен дел на овој Правилник.“;

6. во член 12:

- реченицата во ставот (4) „Содржината на извештајот е пропишана со Анекс 2, Прилог 1, Образец 1.5 кој е составен дел на овој Правилник“ се менува и гласи: „ Содржината на извештајот е пропишана со Прилог 2, Образец 2.5 кој е составен дел на овој Правилник.“;

- ставот (5) се менува и гласи: „ Содржината на извештајот од став (1) на овој член е пропишана со Прилог 2, Образец 2.4 кој е составен дел на овој Правилник.“;

7. во член 13:

- ставот (2) се менува и гласи: „Извештаите од став (1) на овој член содржат извештај за финансиската состојба, извештај за сеопфатна добивка, извештај за парични текови и извештај за промените на капиталот и извештај за работа и се изработуваат за период од почетокот на годината заклучно со последниот ден од периодот за кој се однесува извештајот.“ и

- ставот (3) се менува и гласи: „Содржината на извештаите е пропишана со обрасците во Прилог 2, Образец 2.6, Образец 2.7, Образец 2.8, Образец 2.9 и Образец 2.10 кои се составен дел на овој Правилник.“;

8. во член 15 ставот (3) се менува и гласи: „Содржината на извештајот од став (1) е пропишана со обрасците во Прилог 3, Образец 3.1 и Образец 3.2, кои се составен дел на овој Правилник.“;

9. во член 16 ставот (3) се менува и гласи: „Содржината на извештајот од став (1) е пропишана со Прилог 3, Образец 3.3 и Образец 3.4 кои се составен дел на овој Правилник.“;

10. во член 17:

-ставот (5) се менува и гласи: „ Содржината на извештајот од став (1) на овој член е пропишана со Прилог 3, Образец 3.5 кој е составен дел на овој Правилник.“;

- ставот (6) се менува и гласи: „Содржината на извештајот од став (3) на овој член е пропишана со Прилог 3, Образец 3.6 кој е составен дел на овој Правилник.“;

11. во член 18:

- ставот (2) се менува и гласи: „Извештаите од став (1) на овој член содржат извештај за финансиската состојба, извештај за сеопфатна добивка, извештај за парични текови и извештај за промените на капиталот и се изработуваат за период од почетокот на годината заклучно со последниот ден од периодот за кој се однесува извештајот.“

- ставот (3) се менува и гласи: „ Содржината на извештаите од став (1) на овој член е пропишана со обрасците во Прилог 3, Образец 3.7, Образец 3.8, Образец 3.9 и Образец 3.10 кои се составен дел на овој Правилник.“.

Член 2

(1) Прилозите и обрасците од овој Правилник Комисијата ги објавува на својата веб страна и ќе се применуваат за сите известувања кои се однесуваат на периодот по 01.01.2025 година, по што престануваат на важат Анекс 1, 2 и 3 со сите нивни Прилози и Обрасци од Правилникот за задолжителната содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 273/2020).

(2) Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Број 01-863/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në bazë të nenit 34, nenit 70, nenit 75, nenit 91, nenit 92, nenit 100, nenit 131 dhe nenit 190, ndërsa në lidhje me nenin 71, nenin 90, nenin 93, nenin 99, nenin 128, nenit 184 dhe nenin 199 të Ligjit të Letrave me Vlerë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.31/2020, 288/2021 dhe 53/2024), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 19.12.2024, miratoi

RR E G U LL O R E
PËR NDRYSHIM TË RREGULLORES PËR PËRMBAJTJEN, FORMËN DHE AFATET E OBLIGUESHME PËR DORËZIMIN E RAPORTEVE TË PUNËS SË PJESËMARRËSVE TË AUTORIZUAR, BURSAVE DHE DEPOZITARËVE

Neni 1

Në Rregulloren për përmbajtjen, formën dhe afatet e obligueshme për dorëzimin e raporteve të punës së pjesëmarrësve të autorizuar, bursave dhe depozitarëve (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut numër 273/2020), kryhen ndryshimet vijuese:

1. në nenin 3, paragrafi (3) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raporteve është e përcaktuar në Shtojcën 1, Formulari 1.1, Formulari 1.2, Formulari 1.3 dhe Formulari 1.4, të cilat janë pjesë përbërëse të kësaj rregulloreje.”;

2. në nenin 4, paragrafi (6) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raportit nga paragrafi (1) i këtij neni është e përcaktuar me Shtojcën 1, Formulari 1.5, i cili është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje”;

3. në nenin 4, paragrafi (7) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e Deklaratës nga paragrafi (4) i këtij neni është e përcaktuar me Shtojcën 1, Formulari 1.6, i cili është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.”;

4. në nenin 5:

- paragrafi (2) ndryshon dhe bëhet: “Raportet nga paragrafi (1) i këtij neni përmbajnë raport për gjendjen financiare, raport për fitimin gjithëpërfshirës, raport për fluksin e parave dhe raport për ndryshimet e kapitalit dhe raport për pronën e cila ruhet dhe hartohen për periudhë nga fillimi i vitit përfundimisht me ditën e fundit të periudhës për të cilën referohet raporti.” dhe

- paragrafi (3) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raporteve është e përcaktuar në Shtojcën 1, Formulari 1.7, Formulari 1.8, Formulari 1.9, Formulari 1.10 dhe Formulari 1.11, të cilët janë pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje”;

5. në nenin 11, paragrafi (3) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raporteve është e përcaktuar në Shtojcën 2, Formulari 2.1, Formulari 2.2 dhe Formulari 2.3, të cilët janë pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.”;

6. në nenin 12:

- fjalia në paragrafin (4) “Përmbajtja e raportit është e përcaktuar me Aneksin 2, Shtojca 1, Formulari 1.5, e cila është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje” ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raportit është e përcaktuar me Shtojcën 2, Formulari 2.5, i cili është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.”;

- paragrafi (5) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raportit nga paragrafi (1) i këtij neni është e përcaktuar me Shtojcën 2, Formulari 2.4, i cili është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.”;

7. në nenin 13:

- paragrafi (2) ndryshon dhe bëhet: “Raportet nga paragrafi (1) i këtij neni përmbajnë raport për gjendjen financiare, raport për fitimin gjithëpërfshirës, raport për fluksin e parave dhe raport për ndryshimet e kapitalit dhe raport të punës dhe hartohen për periudhë nga fillimi i vitit përfundimisht me ditën e fundit të periudhës për të cilën referohet raporti.” dhe

- paragrafi (3) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raporteve është e përcaktuar me Formularët në Shtojcën 2, Formulari 2.6, Formulari 2.7, Formulari 2.8, Formulari 2.9 dhe Formulari 2.10, të cilët janë pjesë përbërëse të kësaj rregulloreje.”;

8. në nenin 15, paragrafi (3) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raportit nga paragrafi (1) është e përcaktuar me Formularët në Shtojcën 3, Formulari 3.1 dhe Formulari 3.2, të cilët janë pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.”;

9. në nenin 16, paragrafi (3) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raportit nga paragrafi (1) është e përcaktuar me Shtojcën 3, Formulari 3.3 dhe Formulari 3.4, të cilët janë pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje. ”;

10. në nenin 17:

- paragrafi (5) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raportit nga paragrafi (1) i këtij neni është e përcaktuar me Shtojcën 3, Formulari 3.5, i cili është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.”;

- paragrafi (6) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raportit nga paragrafi (3) i këtij neni është e përcaktuar me Shtojcën 3, Formulari 3.6, i cili është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje.”;

11. në nenin 18:

- paragrafi (2) ndryshon dhe bëhet: “Raportet nga paragrafi (1) i këtij neni përmbajnë raport për gjendjen financiare, raport për fitimin gjithëpërfshirës, raport për fluksin e parave dhe raport për ndryshimet e kapitalit dhe hartohen për periudhë nga fillimi i vitit përfundimisht me ditën e fundit të periudhës për të cilën referohet raporti. ”

- paragrafi (3) ndryshon dhe bëhet: “Përmbajtja e raporteve nga paragrafi (1) i këtij neni është e përcaktuar me Formularët në Shtojcën 3, Formulari 3.7, Formulari 3.8, Formulari 3.9 dhe Formulari 3.10, të cilët janë pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje. ”.

Neni 2

(1) Shtojcat dhe formularët nga kjo Rregullore, Komisioni i publikon në faqen e vet të internetit dhe do të zbatohen për të gjitha raportimet të cilat referohen në periudhën pas 01.01.2025, pas çfarë shfuqizohen Aneksi 1, 2 dhe 3 me të gjitha Shtojcat dhe Formularët e tyre nga Rregullorja për përmbajtjen, formën dhe afatet e obligueshme për dorëzimin e raporteve të punës së pjesëmarrësve të autorizuar, bursave dhe depozitarëve (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut numër 273/2020).

(2) Kjo Rregullore hyn në fuqi 8 ditë nga dita e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Numër 01-863/1
19.12.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë
i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.sc. **Nora Aliti**, d.v.

4613.

Врз основа на член 438 точка 9) и член 427 став (1) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024), член 25 став (2) и член 26 став (3) од Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седница одржана на ден 19.12.2024 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИНФОРМАЦИИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ ДОКУМЕНТОТ ЗА ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ПРИМЕНА НА ИСКЛУЧОК ОД ОБВРСКАТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОСПЕКТ

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат информациите што треба да ги содржи документот за основни информации во случај на примена на исклучок (изземање) од обврската за објавување на проспект при понуда на хартии од вредност на јавноста, за информациите кои треба да ги содржи документот во случај на примена на исклучок од обврската за објавување на проспект при прием на тргување на регулиран пазар и начинот на објава и ажурирање на информациите кои се содржани во истите.

Член 2

(1) Документот за основни информации со кои се опишува трансакцијата во која се нудат хартии од вредност за замена во постапка на преземање на акционерско друштво и нејзиното влијание на издавачот е документот за давање понуда за преземање (проспектот за преземање) што се изготвува во постапка на преземање на акционерско друштво.

(2) Документот за давање понуда за преземање (проспектот за преземање) од став 1 на овој член се изготвува во согласност со правилникот со кој се уредува содржината на проспектот за преземање и се одобрува во постапка за добивање дозвола за понудата за преземање согласно законот со кој се уредува преземањето на акционерските друштва.

Член 3

(1) Документот за основни информации со кои се опишува трансакцијата во која се нудат хартии од вредност во постапка на присоединување, спојување или поделба на друштвата (статусна промена), е Спогодбата за присоединување, во случај на присоединување, Спогодбата за спојување, во случај на спојување односно Планот за поделба, во случај на поделба на друштва, изготвен согласно одредбите од законот со кој се уредуваат трговските друштва.

(2) Документот од ставот 1 на овој член се објавува најдоцна 30 дена пред одржување на Собранието на акционери на кое се носи Одлука за статусни промени на начин пропишан со член 53 од Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност (во понатамошниот текст: Законот).

Член 4

(1) Документот за основни информации за бројот и карактеристиките на акциите кои се доделуваат на постојните акционери наместо исплата на дивиденда во пари, а се од ист род како и акциите кои го даваат правото на исплата на таа дивиденда, како и причините и податоците за оваа понуда е соопштението до јавноста за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда согласно одредбите од Законот кои се однесуваат на приватна понуда на хартии од вредност.

(2) Документот за основни информации за акциите кои се доделуваат на постојните акционери наместо исплата на дивиденда во пари од став 1 на овој член се изготвува во согласност со правилникот со кој се уредува формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност и документите што се поднесуваат кон барањето за исполнување на условите за приватна понуда, како и формата и содржината на известувањето за реализација на емисијата.

Член 5

(1) Документот за основни информации за хартиите од вредност кои се нудат, се доделуваат или треба да се доделат на постојните или поранешните директори или вработени од страна на нивниот работодавач или од страна на поврзано друштво, како и причините и податоците за оваа понуда е соопштението до јавноста за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда согласно одредбите од Законот кои се однесуваат на приватна понуда на хартии од вредност.

(2) Документот за основни информации за хартиите од вредност кои се нудат, се доделуваат или треба да се доделат на постојните или поранешните директори или вработени од страна на нивниот работодавач или од страна на поврзано друштво од став 1 на овој член се изготвува во согласност со правилникот со кој се уредува формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност и документите што се поднесуваат кон барањето за исполнување на условите за приватна понуда, како и формата и содржината на известувањето за реализација на емисијата.

Член 6

(1) Документитите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој Правилник мора да бидат точни, објективни, јасни, не смеат да доведуваат во заблуда и не смеат да содржат никакви белешки освен оние информации кои се внесени со упатување на начин како што е пропишано со Законот.

(2) Документитите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој Правилник мора да ги содржат суштинските информации потребни на инвеститорите за разбирање на понудата на хартии од вредност како и информации за издавачот на тие хартии од вредност.

(3) Одговорноста за содржината на документите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој Правилник е на издавачот односно понудувачот, како и на лицата кои се овластени согласно закон да го застапуваат издавачот односно понудувачот.

Член 7

(1) Документитите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој Правилник се сметаат за достапни на јавноста, ако пред почетокот на понудата се објавени во електронска форма на било кои од следните интернет страници:

1. на издавачот односно понудувачот,

2. на инвестициско друштво кое ги пласира или продава хартиите од вредност или

3. на пазарниот оператор кој управува со регулираниот пазар на кој се примени за тргување хартиите од вредност или на кој се бара прием за тргување на хартиите од вредност, односно на интернет страницата на МПТ.

(2) Издавачот, односно понудувачот мора да се осигураат дека документот за основни информации е ажуриран во секој момент додека трае понудата.

(3) Издавачот односно понудувачот без одлагање го информира инвеститорот во хартиите од вредност за сите важни промени на информациите од документот за основни информации, на ист начин на кој тоа го има објавено во документот за основни информации во јавноста.

(4) Документот за основни информации се објавува на посебен дел на интернет страната кој е лесно достапен веднаш по пристапување на интернет страната и мора јасно да се разликува од промотивните објави на издавачот односно понудувачот, на инвестициското друштво односно на пазарниот оператор.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила осум дена од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со денот на почеток на примена на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/2024).

Број 01-864/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në pajtim me nenin 438, pika 9), dhe nenin 427, paragrafi (1), të Ligjit të Instrumenteve Financiare (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 66/2024), nenin 25, paragrafi (2), dhe nenin 26, paragrafi (3), të Ligjit mbi Prospektin dhe të Detyrimeve për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 64/2024), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më datë 19.12.2024 miratoi

RR E G U LL O R E
PËR INFORMACIONET TË CILAT DUHET T'I PËRMBAJË DOKUMENTI PËR INFORMACIONE BAZË NË RAST TË ZBATIMIT TË PËRJASHTIMIT NGA DETYRIMI PËR PUBLIKIM TË PROSPEKTIT

Neni 1

Me këtë rregullore përcaktohen informacionet që duhet t'i përmbajë dokumenti për informacione bazë në rast të zbatimit të përjashtimit (mospërfshirjes) nga detyrimi për publikim të prospektit gjatë një oferte të letrave me vlerë publikut, për informacionet që duhet t'i përmbajë dokumenti në rast të zbatimit të përjashtimit nga detyrimi për publikim të prospektit gjatë pranimit për tregtim në treg të rregulluar dhe mënyrën e publikimit dhe përditësimit të informacioneve që përmbahen në të njëjtat.

Neni 2

(1) Dokumenti për informacionet bazë me të cilat përshkruhet transaksioni në të cilin ofrohen letra me vlerë për zëvendësim në procedurë të marrjes në kontroll të një shoqërie aksionare dhe ndikimi i saj në emetuesin është dokumenti për dhënie të ofertës për marrje (prospekti për marrje) që hartohet në procedurë të marrjes në kontroll të një shoqërie aksionare.

(2) Dokumenti për dhënie të ofertës për marrje në kontroll (prospekti për marrje) sipas paragrafit 1 të këtij neni hartohet në pajtim me rregulloren me të cilën rregullohet përmbajtja e Prospektit për marrje dhe miratohet në procedurë për fitimin e lejes për ofertën për marrje në pajtim me ligjin me të cilin rregullohet marrja në kontroll e shoqërive aksionare.

Neni 3

(1) Dokumenti për informacione bazë me të cilat përshkruhet transaksioni në të cilin ofrohen letrat me vlerë në procedurë të bashkangjitjes, shkrirjes ose ndarjes së shoqërive (ndryshim statusor), është marrëveshja për bashkangjitje, në rast të bashkangjitjes, marrëveshja për shkrirje në rast të shkrirjes, respektivisht Plani për ndarje në rast të ndarjes së shoqërive, përpiluar në pajtim me dispozitat e ligjit me të cilin rregullohen shoqëritë tregtare.

(2) Dokumenti sipas paragrafit 1 të këtij neni publikohet jo më vonë se 30 ditë para mbajtjes së Kuvendit të Aksionarëve në të cilin miratohet vendim për ndryshime statusore në mënyrë të përcaktuar me nenin 53 të Ligjit mbi Prospektin dhe të Detyrimeve për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (në tekstin e mëtejmë: Ligji).

Neni 4

(1) Dokumenti për informacione bazë për numrin dhe karakteristikat e aksioneve të cilat u ndahen aksionarëve ekzistues në vend të pagesës së dividendit në para, ndërkaq janë të gjinisë së njëjtë si dhe aksionet të cilat e japin të drejtën e pagesës së dividendit në fjalë, si dhe arsyet dhe të dhënat për këtë ofertë është kumtesa deri te publiku për emetimin e letrave me vlerë me anë të një oferte private në pajtim me dispozitat e ligjit që i referohen një oferte private të letrave me vlerë.

(2) Dokumenti për informacione bazë për aksionet të cilat u ndahen aksionarëve ekzistues në vend të pagesës së dividendit në para sipas paragrafit 1 të këtij neni hartohet në pajtim me Rregulloren me të cilën rregullohet forma dhe përmbajtja e kërkesës për miratimin e një oferte private të letrave me vlerë dhe dokumentet që parashtrohen ndaj kërkesës për përmbushje të kushteve për ofertë private, si dhe formën dhe përmbajtjen e njoftimit për realizim të emetimit.

Neni 5

(1) Dokumenti për informacione bazë për letrat me vlerë të cilat ofrohen, u ndahen ose duhet t'u ndahen drejtorëve ose punonjësve ekzistues ose të mëparshëm nga ana e punëdhënisit të tyre ose nga ana e shoqërisë së ndërlidhur, si dhe arsyet dhe të dhënat për këtë ofertë është kumtesa deri te publiku për emetimin e letrave me vlerë me anë të një oferte private në pajtim me dispozitat e ligjit të cilat i referohen oferte private të letrave me vlerë.

(2) Dokumenti për informacione bazë për letrat me vlerë të cilat ofrohen, u ndahen ose duhet t'u ndahen drejtorëve ose punonjësve ekzistues ose të mëparshëm nga ana e punëdhënisit të tyre ose nga ana e shoqërisë së ndërlidhur sipas paragrafit 1 të këtij neni hartohet në pajtim me Rregulloren me të cilën rregullohet forma dhe përmbajtja e kërkesës për miratimin e një oferte private të letrave me vlerë dhe dokumentet që parashtrohen ndaj kërkesës për përmbushje të kushteve për ofertë private, si dhe formën dhe përmbajtjen e njoftimit për realizim të emetimit.

Neni 6

(1) Dokumentet sipas neneve 2, 3, 4 dhe 5 të kësaj rregulloreje duhet të jenë të sakta, objektive, të qarta, nuk mund të sjellin në mëdyshje dhe nuk mund të përmbajnë kurrfarë vërejtje përveç atyre informacioneve të cilat futen me udhëzim në mënyrën siç është përcaktuar me ligj.

(2) Dokumentet sipas neneve 2, 3, 4 dhe 5 të kësaj rregulloreje duhet t'i përmbajnë informacionet thelbësore të nevojshme investitorëve për të kuptuar ofertën e letrave me vlerë si dhe informacione për emetuesin e letrave me vlerë në fjalë.

(3) Përgjegjësia për përmbajtjen e dokumenteve sipas neneve 2, 3, 4 dhe 5 të kësaj rregulloreje është në emetuesin, respektivisht ofruesin, si dhe në personat të cilët janë të autorizuar në pajtim me ligj për të përfaqësuar emetuesin, respektivisht ofruesin.

Neni 7

(1) Dokumentet sipas neneve 2, 3, 4 dhe 5 të kësaj rregulloreje konsiderohen të disponueshme publikut, nëse para fillimit të ofertës janë të publikuara në formë elektronike në cilëndo prej faqeve të internetit në vijim:

1. të emetuesit, respektivisht ofertuesit,
2. të shoqërisë të investimeve e cila plason ose shet letra me vlerë ose
3. të operatorit të tregut i cili administron me tregun e rregulluar në të cilin janë të pranuara për tregtim letrat me vlerë ose në të cilin kërkohet pranim për tregtim i letrave me vlerë, respektivisht të faqes së internetit së PSHT.

(2) Emetuesi, respektivisht ofruesi duhet të sigurohen se dokumenti për informacionet bazë është i përditësuar në çdo çast gjersa zgjat oferta.

(3) Emetuesi, respektivisht ofruesi pa prolongim e informon investitorin në letrat me vlerë për të gjitha ndryshimet e rëndësishme të informacioneve nga dokumenti për informacione bazë, në mënyrë të njëjtë në të cilën e ka publikuar atë në dokumentin për informacione bazë në publik.

(4) Dokumenti për informacione bazë publikohet në pjesë të posaçme të faqes së internetit e cila është lehtë e disponueshme menjëherë pas aksesit në faqen e internetit dhe duhet qartë të dallohet nga publikimet promovuese të emetuesit, respektivisht ofruesit, të shoqërisë të investimeve, respektivisht të operatorit të tregut.

Neni 8

Kjo rregullore hyn në fuqi tetë ditë nga botimi i saj në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërkaq do të zbatohet në ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit mbi Prospektin dhe të Detyrimeve për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 64/2024).

Numër 01-864/1
19.12.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë
i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.sc. **Nora Aliti**, d.v.

4614.

Врз основа на член 112 став (3) и член 190 став (4) и став (5) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 43/2014, 15/2015 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/2020, 288/2021 и 53/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.12.2024 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

(1) Во Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија"бр. 192/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.67/2021 и бр.142/2021) во членот 10 по ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11) кои гласат:

"(10) По исклучок доколку поради непредвидени технички причини, виша сила или други вонредни околности стручниот испит неможе да се спроведе, рокот за положување на стручниот испит утврден во став (8) и став (9) за кандидатите се продолжува во времетраење на спреченоста за полагање на стручниот испит за што Комисијата донесува одлука."

"(11) Во случајот од став (10) кандидатите имаат право да се изјаснат дали го задржуваат статусот кандидат за полагање на стручен испит, да побараат поврат на уплатените средства во полн износ или да побараат уплатените средства во полн износ да бидат прифатени за пријавување на наредна обука во организацијата на Комисијата. По изјаснувањето на кандидатите, Комисијата одлучува со решение."

(2) Постојните ставови (10) и (11) од овој член редоследно се менуваат во ставови (12) и (13).

Член 2

Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност е од времен карактер.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Број 01-865/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në bazë të nenit 112, paragrafi (3) dhe nenit 190, paragrafi (4) dhe paragrafi (5) i Ligjit për Letrat me Vlerë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 43/2014, 15/2015 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 31/2020, 288/2021 dhe 53/2024), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më datë 19.12.2024, miratoi

RR E G U LL O R E
PËR PLOTËSIM TË RREGULLORES PËR MËNYRËN DHE KUSHTET PËR TRAJNIM DHE HYRJE NË PROVIM PROFESIONAL PËR PUNË ME LETRA ME VLERË

Neni 1

(1) Në Rregulloren për mënyrën dhe kushtet për trajnim dhe hyrje në provim profesional për punë me letra me vlerë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 192/2019 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 67/2021 dhe nr. 142/2021), në nenin 10 pas paragrafit (9) shtohen dy paragrafë të rinj (10) dhe (11) të cilët bëhen:

"(10) Me përjashtim, nëse për shkak të arsyeve të paparashikueshme teknike, forcë madhore ose rrethana të tjera të jashtëzakonshme, provimi profesional nuk mund të zbatohet, afati për hyrje në provimin profesional të përcaktuar në paragrafin (8) dhe paragrafin (9) për kandidatët vazhdon në kohëzgjatje të parandalimit për hyrje në provimin profesional, për çfarë Komisioni miraton vendim."

"(11) Në rastin nga paragrafi (10), kandidatët kanë të drejtë të prononcohen nëse e mbajnë statusin kandidat për hyrje në provim profesional, të kërkojnë kthim të aseteve të paguara në shumë të plotë ose të kërkojnë që asetet e paguara në shumë të plotë të pranohen për paraqitje në trajnimin e radhës në organizim të Komisionit. Pas prononcimit të kandidatëve, Komisioni vendos me Aktvendim."

(2) Paragrafët ekzistues (10) dhe (11) të këtij neni rrjedhimisht ndryshojnë në paragrafë (12) dhe (13).

Neni 2

Rregullorja për plotësim të Rregullores për mënyrën dhe kushtet për trajnim dhe hyrje në provim profesional për punë me letra me vlerë është me karakter të përkohshëm.

Neni 3

Kjo Rregullore hyn në fuqi me ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Numër 01-865/1
19.12.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë
i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.sc. **Nora Aliti**, d.v.

4615.

Врз основа на член 150 став (3), член 150-б и член 190 став (4) и став (5) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 43/2014, 15/2015 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/2020, 288/2021 и 53/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.12.2024 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

Член 1

(1) Во Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за инвестиционо советување ("Службен весник на Република Македонија"бр.

192/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.67/2021 и бр.142/2021) во членот 10 по ставот (9) се додаваат нов став (10) и став (11) кои гласат:

"(10) По исклучок доколку поради непредвидени технички причини, виша сила или други вонредни околности стручниот испит неможе да се спроведе, рокот за положување на стручниот испит утврден во став (8) и став (9) за кандидатите се продолжува во времетраење на спреченоста за полагање на стручниот испит за што Комисијата донесува одлука."

"(11) Во случајот од став (10) кандидатите имаат право да се изјаснат дали го задржуваат статусот кандидат за полагање на стручен испит, да побараат поврат на уплатените средства во полн износ или да побараат уплатените средства во полн износ да бидат прифатени за пријавување на наредна обука во организацијата на Комисијата. По изјаснувањето на кандидатите, Комисијата одлучува со решение.

(2) Постојните ставови (10) и (11) од овој член редоследно се менуваат во ставови (12) и (13).

Член 2

Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за инвестиционо советување е од времен карактер.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Број 01-866/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në bazë të nenit 150, paragrafi (3), nenit 150-b dhe nenit 190, paragrafi (4) dhe paragrafi (5) të Ligjit për Letrat me Vlerë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 43/2014, 15/2015 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 31/2020, 288/2021 dhe 53/2024), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më datë 19.12.2024, miratoi

RR E G U LL O R E
PËR PLOTËSIM TË RREGULLORES PËR MËNYRËN DHE KUSHTET PËR TRAJNIM DHE HYRJE NË PROVIM PROFESIONAL PËR KËSHILLIM PËR INVESTIME

Neni 1

(1) Në Rregulloren për mënyrën dhe kushtet për trajnim dhe hyrje në provim profesional për këshillim për investime (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 192/2019 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 67/2021 dhe nr. 142/2021), në nenin 10 pas paragrafit (9) shtohet paragrafi i ri (10) dhe paragrafi (11) të cilët bëhen:

"(10) Me përjashtim, nëse për shkak të arsyeve të paparashikueshme teknike, forcë madhore ose rrethana të tjera të jashtëzakonshme, provimi profesional nuk mund të zbatohet, afati për hyrje në provimin profesional të përcaktuar në paragrafin (8) dhe paragrafin (9) për kandidatët vazhdon në kohëzgjatje të parandalimit për hyrje në provimin profesional, për çfarë Komisioni miraton vendim."

"(11) Në rastin nga paragrafi (10), kandidatët kanë të drejtë të prononcohen nëse e mbajnë statusin kandidat për hyrje në provim profesional, të kërkojnë kthim të aseteve të paguara në shumë të plotë ose të kërkojnë që asetet e paguara në shumë të plotë të pranohen për paraqitje në trajnimin e radhës në organizim të Komisionit. Pas prononcimit të kandidatëve, Komisioni vendos me Aktvendim.

(2) Paragrafët ekzistues (10) dhe (11) të këtij neni rrjedhimisht ndryshojnë në paragrafë (12) dhe (13).

Neni 2

Rregullorja për plotësim të Rregullores për mënyrën dhe kushtet për trajnim dhe hyrje në provim profesional për këshillim për investime është me karakter të përkohshëm.

Neni 3

Kjo Rregullore hyn në fuqi me ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Numër 01-866/1
19.12.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë
i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.sc. **Nora Aliti**, d.v.

4616.

Врз основа на член 190 став (1) од Законот за хартии од вредност (,,Службен весник на Република Македонија'' бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 31/2020, 288/2021 и 53/2024), а во врска со член 114 став (3) од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20, 150/21 и 288/21), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 19.12.2024 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА СМЕТКОВНИОТ ПЛАН И СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ СМЕТКИ ВО СМЕТКОВНИОТ ПЛАН НА ОТВОРЕНИТЕ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

I– ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Правилникот за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените инвестициски фондови (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените инвестициски фондови.

Член 2

(1) Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови (во натамошниот текст: друштво за управување) е должно, одвоено од своите деловни книги и финансиски извештаи, да ги води деловните книги и другата документација, како и да изготвува финансиски извештаи за секој отворен инвестициски фонд со кој управува.

(2) Друштвото за управување ги опфаќа состојбата и промените на состојбата на средствата, обврските и капиталот, како и приходите и расходите, и ги утврдува резултатите од работењето во согласност со контниот план даден во Прилог 1 на овој Правилник.

(3) Пропишаните синтетички (трицифрени) сметки можат да се расчленуваат на аналитички сметки.

(4) Состојбата и промените на состојбата на средствата, обврските и капиталот, како и приходите и расходите, и утврдувањето на финансискиот резултат од работењето на фондот се евидентираат во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување, преведени и објавени во Република Северна Македонија, односно со прописите со кои се уредува водењето на сметководството.

II– СОДРЖИНА НА СМЕТКИТЕ ВО СМЕТКОВНИОТ ПЛАН

КЛАСА 1: ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА

Член 3

На сметките од групата 10 - Парични средства и парични еквиваленти, се евидентираат паричните средства на сметка во банки и други финансиски институции.

На сметката 100 – Денарска сметка, се евидентираат денарските парични средства на инвестицискиот фонд на сметка во банки, расположиви за вложувања во финансиски инструменти со кои се тргува на домашен и странски финансиски пазар и исплата на обврските на фондот.

На сметката 101 – Девизна сметка, се евидентираат девизните парични средства на инвестицискиот фонд на сметка во банки, расположиви за вложувања во финансиски инструменти со кои се тргува на странски финансиски пазар и исплата на обврските на фондот.

Член 4

На сметките од групата 11 – Побарувања по основ на продажба на преносливи хартии од вредност, се евидентираат побарувањата на инвестициските фондови врз основа на продажба на преносливи хартии од вредност.

На сметката 110 – Побарувања по основ на продажба на должнички хартии од вредност, се евидентираат побарувањата на инвестицискиот фонд врз основа на продажба на должнички хартии од вредност, од денот на продажба на хартијата од вредност до денот на пренос на паричните средства.

На сметката 111 – Побарувања по основ на продажба на сопственички хартии од вредност, се евидентираат побарувањата на инвестицискиот фонд врз основа на продажба на сопственички хартии од вредност, од денот на продажба на хартијата од вредност до денот на пренос на паричните средства.

На сметката 119 – Вредносно усогласување на побарувањата по основ на продажба на преносливи хартии од вредност, се евидентираат отписите на побарувањата кои не претставуваат конечно отпишување. Дефинитивното отпишување на побарувањето се книжи директно на основната сметка.

Член 5

На сметките од групата 12 –Побарувања по основ на продажба на останати финансиски инструменти, се евидентираат побарувањата на инвестициските фондови врз основа на продажба на останати финансиски инструменти.

На сметката 120 – Побарувања по основ на продажба на останати финансиски инструменти, се евидентираат побарувањата на инвестициските фондови врз основа на продажба на останати финансиски инструменти, од денот на продажба на финансиските инструменти до денот на пренос на паричните средства.

На сметката 129 – Вредносно усогласување на побарувањата по основ на продажба на останатите финансиски инструменти, се евидентираат отписите на побарувањата кои не претставуваат конечно отпишување. Дефинитивното отпишување на побарувањето се книжи директно на основната сметка.

Член 6

На сметките од групата 13 – Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници, се евидентираат побарувања на инвестициските фондови по основ на објавени дивиденди, достасана камата и достасана главнина кои сеуште не се наплатени.

На сметката 130 – Побарувања по основ на дивиденди, се евидентираат побарувањата на инвестицискиот фонд врз основа на објавени а сеуште неисплатени дивиденди.

На сметката 131 – Побарувања по основ на парични депозити, се евидентираат доспеаните а сеуште неисплатени камати и главници од паричните депозити на инвестицискиот фонд.

На сметката 132 – Побарувања по основ на отплата на обврзници, се евидентираат доспеаните а сеуште неисплатени камати и главници од должнички хартии од вредност.

На сметката 139 – Вредносно усогласување на побарувањата по основ на дивиденди, депозити и отплата на обврзници, се евидентираат отписите на побарувањата кои не претставуваат конечно отпишување. Дефинитивното отпишување на побарувањето се книжи директно на основната сметка.

Член 7

На сметките од групата 14 – Побарувања по основ на дадени аванси, се евидентираат побарувањата кои инвестицискиот фонд ги има за дадени аванси кон други лица.

На сметката 140 – Побарувања по основ на дадени аванси, се евидентираат побарувањата кои инвестицискиот фонд ги има за дадени аванси кон други лица.

Член 8

На сметките од групата 15 – Побарувања од друштвото за управување се евидентираат побарувањата на инвестицискиот фонд од друштвото за управување.

На сметката 150 – Побарувања од друштвото за управување се евидентираат побарувањата на инвестицискиот фонд од друштвото за управување во случај кога треба да се покрие евентуална штета кон инвестицискиот фонд, во случај кога друштвото наплатило поголем надоместок или во случај кога некои обврски се наплатени од фондот а согласно Законот е обврска на друштвото за управување.

На сметката 159 – Вредносно усогласување на побарувањата од друштвото за управување, се евидентираат отписите на побарувањата кои не претставуваат конечно отпишување. Дефинитивното отпишување на побарувањето се книжи директно на основната сметка.

Член 9

На сметките од групата 16 – Побарувања од депозитарната банка се евидентираат побарувањата на инвестицискиот фонд од депозитарната банка.

На сметката 160 – Побарувања од депозитарната банка се евидентираат побарувањата на инвестициискиот фонд од депозитарната банка во случај кога треба да се покрие евентуална штета кон инвестициискиот фонд, во случај кога банката наплатила поголем надоместок или во случај кога некои обврски се наплатени од фондот а согласно Законот е обврска на депозитарната банка.

На сметката 169 – Вредносно усогласување на побарувањата од депозитарната банка, се евидентираат отписите на побарувањата кои не претставуваат конечно отпишување. Дефинитивното отпишување на побарувањето се книжи директно на основната сметка.

Член 10

На сметките од групата 17 – Останати побарувања на фондот се евидентираат останатите побарувања на инвестициискиот фонд кои не се опфатени со сметките од претходните групи од оваа класа.

На сметката 170 – Останати побарувања се евидентираат останатите побарувања на инвестициискиот фонд.

На сметката 179 – Вредносно усогласување на останатите побарувања на инвестициискиот фонд, се евидентираат отписите на побарувањата кои не претставуваат конечно отпишување. Дефинитивното отпишување на побарувањето се книжи директно на основната сметка.

Член 11

На сметките од групата 18 – Побарувања по основ на камата и останати средства се евидентираат побарувањата на инвестициискиот фонд по основ на камата и останати средства на фондот.

На сметката 180 – Побарувања по основ на пресметана камата и останати средства се евидентираат побарувањата по основ на пресметани а недостасани камати и останати средства на фондот. Пресметана а недостасана камата го претставува дневниот износ на камата што ја стекнал фондот а правото на наплата на камата ќе го оствари на датумот на доспевање на депозитот или на хартијата од вредност.

КЛАСА 2: КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Член 12

На сметките од групата 20 – Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност, се евидентира состојбата и промените на обврските кои настануваат во врска со вложувањата на инвестициискиот фонд во хартии од вредност.

На сметката 200 – Обврски по основ на вложувања во должнички хартии од вредност, се евидентира состојбата и промените на обврските кои настануваат во врска со вложувањата на инвестициискиот фонд во должнички хартии од вредност.

На сметката 201 – Обврски по основ на вложувања во сопственички хартии од вредност, се евидентира состојбата и промените на обврските кои настануваат во врска со вложувањата на инвестициискиот фонд во сопственички хартии од вредност.

Член 13

На сметките од групата 21 – Финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност, се евидентираат други неспомнати обврски кои произлегуваат од вложувања во хартии од вредност.

На сметката 210 – Финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност, се евидентира состојбата и промените на финансиските обврски кои настануваат во врска со вложувањата на инвестициискиот фонд во хартии од вредност.

Член 14

На сметките од групата 22 – Финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност, се евидентира состојбата и промените на обврските кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

На сметката 220 – Финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност се евидентира состојбата и промените на обврските кои настануваат во врска со вложувањата на инвестициискиот фонд во пласмани кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

Член 15

На сметките од групата 23 – Обврски према друштвото за управување се евидентираат надоместоците што друштвото за управување треба да ги наплати од инвестициискиот фонд.

На сметката 230 – Обврски за надомест на управување на друштвото за управување се евидентира надоместокот за управување на друштвото за управување.

На сметката 239 – Останати обврски спрема друштвото за управување се евидентираат останатите обврски спрема друштвото за управување, а кои не се поврзани со работите на управување со имотот на инвестициискиот фонд.

Член 16

На сметките од групата 24 – Обврски према депозитарната банка, се евидентираат обврските на фондот кон депозитарната банка.

На сметката 240 – Обврски за надомест на депозитарната банка се евидентира надоместокот на депозитарната банка за вршење на работите на депозитарна банка на инвестициискиот фонд.

На сметката 249 – Останати обврски спрема депозитарната банка се евидентираат останатите обврски спрема депозитарната банка, а кои не се поврзани со работите на депозитарна банка на инвестициискиот фонд.

Член 17

На сметките од групата 25 – Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот, се евидентираат обврските за брокерски и посреднички провизии, обврските за ревизија, и други обврски за намирување на трошоците на фондот предвидени со проспектот и статутот на фондот, а кои не се опфатени со сметките од групата 23 и групата 24.

На сметката 250 – Обврски по основ на водење регистар на удели се евидентираат обврските на инвестициискиот фонд по основ на водење регистар на удели, вклучувајќи ги и обврските по основ на издавање потврда за трансакција или состојба на удел, како и обврските по основ на исплата на уделот во добивката.

На сметката 251 – Обврски по основ на годишна ревизија на фондот се евидентираат обврските на фондот по основ на годишна ревизија на фондот.

На сметката 252 – Обврски по основ на објави на фондот се евидентираат обврските по основ на објава на проспектот и други пропишани објави на фондот.

На сметката 259 – Останати обврски по основ на други трошоци утврдени со статутот и проспектот на фондот се евидентираат останатите обврски за намирување на трошоците на фондот предвидени со проспектот и статутот на фондот, а кои не се опфатени со претходните сметки.

Член 18

На сметките од групата 26 – Обврски по основ на исплата на имателите на документите за удел, се евидентираат обврските кон имателите на документи за удел кои поднеле барања за откуп на документите за удел и обврските кон имателите на документи за удел по основ на исплата на учество во добивката на фондот.

На сметката 260 – Обврски за исплата на средства по основ на поднесени барања за откуп на документи за удел се евидентираат обврските на инвестициискиот фонд кон имателите на документи за удел кои поднеле барања за откуп на документи за удел.

На сметката 261 – Обврски за исплата на учество во добивката на фондот се евидентираат обврските на инвестициискиот фонд за учество во добивката на фондот кон имателите на документи за удел.

Член 19

На сметките од групата 27 – Останати обврски на фондот се евидентираат останатите неспомнати обврски на инвестициискиот фонд.

На сметката 270 – Останати обврски на фондот се евидентираат останатите неспомнати обврски на инвестициискиот фонд.

Член 20

На сметките од групата 28 – Обврски по основ на пресметана камата се евидентираат обврските по основ на пресметана камата.

На сметката 280 – Обврски по основ на пресметана камата се евидентираат обврските по основ на пресметана камата по финансиски инструменти.

КЛАСА 3: ФИНАНАСИСКИ СРЕДСТВА ПО ОБЈЕКТИВНА ВРЕДНОСТ ПРЕКУ ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА

Член 21

На сметките од групата 30 – Преносливи хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во преносливи хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата, а кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба, односно кои се стекнати за целите на генерирање на добивка од краткорочните флуктуации на цената.

На сметката 300 – Сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во сопственички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата, а кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба, односно кои се стекнати за целите на генерирање на добивка од краткорочните флуктуации на цената.

На сметката 301 – Долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во долгорочни должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата, а кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба, односно кои се стекнати за целите на генерирање на добивка од краткорочните флуктуации на цената.

На сметката 309 – Вредносно усогласување на хартиите од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, а кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат промените во објективната вредност на хартиите од вредност кои кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба и кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата.

Член 22

На сметките од групата 31 – Преносливи хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство, а кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба, односно кои се стекнати за целите на генерирање на добивка од краткорочните флуктуации на цената.

На сметката 310 – Сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во сопственички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство, а кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба, односно кои се стекнати за целите на генерирање на добивка од краткорочните флуктуации на цената.

На сметката 311 – Долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во долгорочни должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство, а кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба, односно кои се стекнати за целите на генерирање на добивка од краткорочните флуктуации на цената.

На сметката 319 – Вредносно усогласување на хартиите од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат промените во објективната вредност на хартиите од вредност кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба и кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство.

Член 23

На сметките од групата 32 – Останати хартии од вредност од домашни издавачи кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во останати хартии од вредност кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба и кои се издадени од издавачи од земјата.

На сметката 320 – Останати хартии од вредност од домашни издавачи кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во останати хартии од вредност кои фондот ги

назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба и кои се издадени од издавачи од земјата.

На сметката 329 – Вредносно усогласување на останати хартии од вредност од домашни издавачи кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат промените во објективната вредност на останатите хартии од вредност кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба и кои се издадени од издавачи во земјата.

Член 24

На сметките од групата 33 – Останати хартии од вредност од странски издавачи кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во останати хартии од вредност кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба и кои се издадени од странски издавачи.

На сметката 330 – Останати хартии од вредност од странски издавачи кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во останати хартии од вредност кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба и кои се издадени од издавачи од странство.

На сметката 339 – Вредносно усогласување на останати хартии од вредност од странски издавачи кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат промените во објективната вредност на останатите хартии од вредност кои фондот ги назначил како хартии од вредност мерени според објективна вредност преку добивка или загуба и кои се издадени од издавачи во странство.

Член 25

На сметките од групата 34 – Деривативни инструменти се евидентираат терминските и опциските договори и други деривативни инструменти со кои се тргува на регулирани пазари согласно Законот за инвестициски фондови.

На сметката 340 – Финансиски деривати се евидентираат терминските и опциските договори и други деривативни инструменти со кои се тргува на регулирани пазари согласно Законот за инвестициски фондови.

На сметката 349 – Вредносно усогласување на финансиските деривати се евидентираат промените во објективната вредност на деривативните инструменти со кои се тргува на регулирани.

Член 26

На сметките од групата 35 – Инструменти на пазарот на пари се евидентираат вложувањата на фондот во инструменти на пазарот на пари.

На сметката 350 – Инструменти на пазарот на пари се евидентираат вложувањата на фондот во инструменти на пазарот на пари.

На сметката 359 – Вредносно усогласување на инструментите на пазарот на пари се евидентираат промените во вредноста на инструментите на пазарот на пари.

Член 27

На сметките од групата 36 – Удели или акции на инвестициски фондови се евидентираат состојбите и промените на вложувањата на фондот во удели на отворени инвестициски фондови и во акции на затворени инвестициски фондови.

На сметката 360 – Удели или акции на инвестициски фондови се евидентираат вложувањата на фондот во удели на отворени инвестициски фондови и во акции на затворени инвестициски фондови.

На сметката 369 – Вредносно усогласување на вложувањата во удели на отворени инвестициски фондови и на вложувањата во акции на затворени инвестициски фондови се евидентираат промените во вредноста на уделите односно акциите на инвестициските фондови.

Член 28

На сметките од групата 37 – Вложувања во депозити се евидентираат вложувањата на фондот во депозити во банки.

На сметката 370 – Вложувања во депозити се евидентираат вложувањата на фондот во депозити во банки.

На сметката 379 – Вредносно усогласување на вложувањата во депозити се евидентираат промените во вредноста на вложувањата во депозити.

Член 29

На сметките од групата 38 – Останати финансиски средства кои фондот ги назначил како финансиски средства мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во останати финансиски средства кои не се наведени во претходните групи на сметки од класа 3, а кои се стекнати или направени главно за целите на генерирање на добивка од краткорочните флуктуации на цената.

На сметката 380 – Останати финансиски средства кои фондот ги назначил како финансиски средства мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат вложувањата на фондот во останати финансиски средства кои се стекнати или направени главно за целите на генерирање на добивка од краткорочните флуктуации на цената.

На сметката 389 – Вредносно усогласување на останатите финансиски кои фондот ги назначил како финансиски средства мерени според објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат промените во објективната вредност на останатите финансиски средства кои фондот ги назначил како финансиски средства мерени според објективна вредност преку добивка или загуба.

КЛАСА 4: ФИНАНАСИСКИ СРЕДСТВА ПО ОБЈЕКТИВНА ВРЕДНОСТ ПРЕКУ ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

Член 30

На сметките од групата 40 – Преносливи хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во преносливи хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 400 – Сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата по објективна вредност преку сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во сопственички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 401 – Долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата по објективна вредност преку сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во долгорочни должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 409 – Вредносно усогласување на хартиите од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат промените во објективната вредност на хартиите од вредност кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка и кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата.

Член 31

На сметките од групата 41 – Преносливи хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 410 – Сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во сопственички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 411 – Долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во долгорочни должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 419 – Вредносно усогласување на хартиите од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство а кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат промените во објективната вредност на хартиите од вредност кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка и кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство.

Член 32

На сметките од групата 42 – Останати хартии од вредност на домашни издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во останати хартии од вредност издадени од издавачи во земјата, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 420 – Останати хартии од вредност од домашни издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во останати хартии од вредност издадени од издавачи во земјата, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 429 – Вредносно усогласување на останати хартии од вредност од домашни издавачи кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат промените во објективната вредност на останатите хартии од вредност издадени од издавачи од земјата кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

Член 33

На сметките од групата 43 – Останати хартии од вредност на странски издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во останати хартии од вредност издадени од издавачи во странство, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 430 – Останати хартии од вредност од странски издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во останати хартии од вредност издадени од издавачи во странство, а кои фондот ги назначил како финансиски средства кои се мерат според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, согласно МСФИ 9.

На сметката 439 – Вредносно усогласување на останати хартии од вредност од странски издавачи кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат промените во објективната вредност на останатите хартии од вредност издадени од издавачи од странство кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

Член 34

На сметките од групата 44 – Останати финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во останати финансиски средства кои се класифицирани како финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка согласно МСФИ 9.

На сметката 440 – Останати финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат вложувањата на фондот во останати финансиски средства кои се класифицирани како финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка согласно МСФИ 9.

На сметката 449 – Вредносно усогласување на останати финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат промените во објективната вредност на останатите финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

КЛАСА 5: ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПО АМОРТИЗИРАНА НАБАВНА ВРЕДНОСТ

Член 35

На сметките од групата 50 – Краткорочни депозити се евидентираат вложувањата на фондот во депозити во овластени банки, кои достасуваат во рок пократок од една година.

На сметката 500 – Краткорочни депозити во овластени банки се евидентираат вложувањата на фондот во депозити во овластени банки, кои достасуваат во рок пократок од една година.

На сметката 509 – Вредносно усогласување на краткорочните депозити се евидентираат промените во вредноста на депозитите на фондот во овластени банки, кои достасуваат во рок пократок од една година.

Член 36

На сметките од групата 51 – Долгорочни депозити се евидентираат вложувањата на фондот во депозити во овластени банки, кои достасуваат во рок од една година.

На сметката 510 – Долгорочни депозити во овластени банки во Република Северна Македонија се евидентираат вложувањата на фондот во депозити во овластени бани во Република Северна Македонија, кои достасуваат во рок од една година.

На сметката 519 – Вредносно усогласување на долгорочните депозити се евидентираат промените во објективната вредност на депозитите на фондот во овластени банки во Република Северна Македонија, кои достасуваат во рок од една година.

Член 37

На сметките од групата 52 – Краткорочни должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност се евидентираат вложувањата на фондот во краткорочни должнички хартии од вредност од домашни и странски издавачи кои се класифицирани како финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

На сметката 520 – Краткорочни должнички хартии од вредност издадени од издавачи во земјата по амортизирана набавна вредност, се евидентираат вложувањата на фондот во краткорочни должнички хартии од вредност издадени од издавачи во земјата, а кои се класифицирани како финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

На сметката 521 – Краткорочни должнички хартии од вредност издадени од странски издавачи по амортизирана набавна вредност, се евидентираат вложувањата на фондот во краткорочни должнички хартии од вредност издадени од странски издавачи, а кои се класифицирани како финансиски средства по амортизирана набавна вредност.

На сметката 529 – Вредносно усогласување на краткорочни должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност, се евидентираат промените во објективната вредност на хартиите од вредност кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

Член 38

На сметките од групата 53 – Долгорочни должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност се евидентираат вложувањата на фондот во долгорочни должнички хартии од вредност од домашни и странски издавачи кои се класифицирани како финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

На сметката 530 – Долгорочни должнички хартии од вредност издадени од издавачи во земјата по амортизирана набавна вредност, се евидентираат вложувањата на фондот во долгорочни должнички хартии од вредност издадени од издавачи во земјата, а кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

На сметката 531 – Долгорочни должнички хартии од вредност издадени од странски издавачи по амортизирана набавна вредност, се евидентираат вложувањата на фондот во долгорочни должнички хартии од вредност издадени од странски издавачи, а кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

На сметката 539 – Вредносно усогласување на долгорочни должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност, се евидентираат промените во објективната вредност на хартиите од вредност кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

Член 39

На сметките од групата 54 – Пласмани по основ на обратни репо договори се евидентираат вложувањата на фондот во обратни репо договори.

На сметката 540 – Пласмани по основ на обратни репо договори се евидентираат вложувањата на фондот во обратни репо договори.

Член 40

На сметките од групата 55 – Останати вложувања по амортизирана набавна вредност се евидентираат вложувањата на фондот во останати финансиски средства кои се класифицирани како вложувања по амортизирана набавна вредност согласно МСФИ 9.

На сметката 550 – Останати вложувања по амортизирана набавна вредност се евидентираат вложувањата на фондот во останати финансиски средства кои се класифицирани како вложувања по амортизирана набавна вредност согласно МСФИ 9.

КЛАСА 6: РАСХОДИ

Член 41

На сметките од групата 60 – Негативни курсни разлики од финансиски инструменти се евидентираат загубите кај финансиските инструменти кои настануваат како резултат на разликите од известувањето на ист број единици на една странска валута во известувачката валута (домашната валута) според различни девизни курсеви.

На сметката 600 – Негативни курсни разлики од паричните средства и депозитите се евидентираат загубите кај паричните средства и депозитите кои настануваат како резултат на разликите од известувањето на ист број единици на една странска валута во известувачката валута (домашната валута) според различни девизни курсеви.

На сметката 601 – Негативни курсни разлики од финансиските инструменти по објективна вредност преку добивка или загуба се евидентираат загубите кај финансиските инструменти кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба, а кои настануваат како резултат на разликите од известувањето на ист број единици на една странска валута во известувачката валута (домашната валута) според различни девизни курсеви.

На сметката 602 – Негативни курсни разлики од финансиските инструменти по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка се евидентираат загубите кај финансиските инструменти кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, а кои

настануваат како резултат на разликите од известувањето на ист број единици на една странска валута во известувачката валута (домашната валута) според различни девизни курсеви.

На сметката 603 – Негативни курсни разлики од финансиските инструменти по амортизирана набавна вредност се евидентираат загубите кај финансиските инструменти кои се мерат по амортизирана набавна вредност, а кои настануваат како резултат на разликите од известувањето на ист број единици на една странска валута во известувачката валута (домашната валута) според различни девизни курсеви.

Член 42

На сметките од групата 61 – Расходи од односите со друштвото за упрваување се евидентираат исплатените надоместоци на друштвото за управување.

На сметката 610 – Надомест за управување на друштвото за упрваување се евидентира исплатениот надомест за управување на друштвото за управување.

Член 43

На сметките од групата 62 – Нереализирани загуби – сведување на објективна вредност се евидентираат капиталните загуби кај финансиските инструменти како резултат на флуктуирањето на пазарот и кои сеуште не се продадени.

На сметката 620 – Нереализирани загуби од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат намалувањата на објективната вредност кај сопственичките хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата и кои сеуште не се продадени.

На сметката 621 – Нереализирани загуби од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат намалувањата на објективната вредност кај долгорочните должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата и кои сеуште не се продадени.

На сметката 622 – Нереализирани загуби од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат намалувањата на објективната вредност кај краткорочните должнички хартии хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата и кои сеуште не се продадени.

На сметката 623 – Нереализирани загуби од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат намалувањата на објективната вредност кај сопственичките хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство и кои сеуште не се продадени.

На сметката 624 – Нереализирани загуби од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат намалувањата на објективната вредност кај долгорочните должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство и кои сеуште не се продадени.

На сметката 625 – Нереализирани загуби од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат намалувањата на објективната вредност кај краткорочните должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство и кои сеуште не се продадени.

На сметката 626 – Нереализирани загуби од деривативни инструменти, се евидентираат намалувањата на објективната вредност кај деривативните инструменти кои сеуште не се продадени.

Член 44

На сметките од групата 63 – Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти се евидентираат капиталните загуби кај финансиските инструменти кои се остваруваат од продажба на средствата на фондот.

На сметката 630 – Реализирани загуби од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат капиталните загуби кај сопственичките хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата остварени при продажба на истите.

На сметката 631 – Реализирани загуби од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат капиталните загуби кај долгорочните должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата остварени при продажба на истите.

На сметката 632 – Реализирани загуби од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат капиталните загуби кај краткорочните должнички хартии хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во земјата остварени при продажба на истите.

На сметката 633 – Реализирани загуби од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат капиталните загуби кај сопственичките хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство остварени при продажба на истите.

На сметката 634 – Реализирани загуби од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат капиталните загуби кај долгорочните должнички хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство остварени при продажба на истите.

На сметката 635 – Реализирани загуби од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат капиталните загуби кај краткорочните должнички хартии хартии од вредност кои се примени за тргување на регулиран пазар во странство остварени при продажба на истите.

На сметката 636 – Реализирани загуби од деривативни инструменти, се евидентираат капиталните загуби кај деривативните инструменти.

Член 45

На сметките од групата 64 – Намалување на средствата се евидентираат загубите од намалувањето на вредноста на средствата за очекуваните кредитни загуби.

На сметката 640 – Вредносно усогласување (загуби поради оштетување) на финансиските инструменти се евидентираат намалувањата на вредноста на финансиските инструменти за очекуваните кредитни загуби.

На сметката 641 – Вредносно усогласување (загуби поради оштетување) на побарувањата се евидентираат намалувањето на вредноста на побарувањата за очекуваните кредитни загуби.

Член 46

На сметките од групата 65 – Надомест на депозитарната банка се евидентираат исплатените надоместоци на депозитарната банка.

На сметката 650 – Надомест на депозитарната банка се евидентираат исплатените надоместоци на депозитарната банка.

Член 47

На сметките од групата 66 – Трансакциски трошоци се евидентираат расходите кои настануваат од трансакциите со финансиските инструменти.

На сметката 660 – Трансакциски трошоци се евидентираат расходите кои настануваат од трансакциите со финансиските инструменти.

Член 48

На сметките од групата 67 – Расходи од камата се евидентираат расходите по основ на исплати на камати за позајмените средства заради откуп на документи за удел согласно член 25 став (1) алинеја 7 од Законот за инвестициски фондови.

На сметката 670 – Расходи по основ на камати се евидентираат расходите по основ на исплати на камати за позајмените средства заради откуп на документи за удел согласно Законот за инвестициски фондови.

Член 49

На сметките од групата 69 – Останати дозволени трошоци на фондот се евидентираат останатите трошоци на фондот согласно Статутот и Проспектот на фондот.

На сметката 690 – Трошоци за водење регистар на удели се евидентираат трошоците за водење регистар на удели, вклучувајќи ги и трошоците за издавање потврда за трансакција или состојба на удел, како и трошоците за исплата на уделот во добивката.

На сметката 691 – Трошоци за годишна ревизија на фондот се евидентираат трошоците за годишна ревизија на фондот.

На сметката 692 – Трошоци за објави на фондот се евидентираат трошоците за објава на проспектот и други пропишани објави на фондот.

На сметката 699 – Други трошоци утврдени со статутот и проспектот на фондот се евидентираат останатите трошоци на фондот предвидени со проспектот и статутот на фондот, а кои не се опфатени со претходните сметки.

КЛАСА 7: ПРИХОДИ

Член 50

На сметките од групата 70 – Приходи од камата се евидентираат приходите по основ на каматите од инвестициските вложувања.

На сметката 700 – Приходи по основ на камати се евидентираат приходите по основ на каматите од инвестициските вложувања.

На сметката 701 – Амортизација на премија (дисконт) од средствата со фиксно доспевање се евидентира амортизацијата на премијата/ дисконтот на хартиите од вредност кои имаат фиксен датум на достасување.

Член 51

На сметките од групата 71 – Позитивни курсни разлики од финансиски инструменти се евидентираат добивките од финансиските инструменти кои настануваат како резултат на разликите од известувањето на ист број единици на една странска валута во известувачката валута (домашна валута) според различни девизни курсеви.

На сметката 710 – Позитивни курсни разлики од паричните средства и депозитите се евидентираат добивките кај паричните средства и депозитите кои настануваат како резултат на разликите од известувањето на ист број единици на една странска валута во известувачката валута (домашната валута) според различни девизни курсеви.

На сметката 711 – Позитивни курсни разлики од финансиските инструменти се евидентираат добивките кај финансиските инструменти кои настануваат како резултат на разликите од известувањето на ист број единици на една странска валута во известувачката валута (домашната валута) според различни девизни курсеви.

Член 52

На сметките од групата 72 – Нереализирани добивки – сведување на објективна вредност се евидентираат капиталните добивки кај финансиските инструменти како резултат на флуктуирањето на пазарот и кои сеуште не се продадени.

На сметката 720 – Нереализирани добивки од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат зголемувањата на објективната вредност кај сопственичките хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата и кои сеуште не се продадени.

На сметката 721 – Нереализирани добивки од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат зголемувањата на објективната вредност кај долгорочните должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата и кои сеуште не се продадени.

На сметката 722 – Нереализирани добивки од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат зголемувањата на објективната вредност кај краткорочните должнички хартии хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата и кои сеуште не се продадени.

На сметката 723 – Нереализирани добивки од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат зголемувањата на објективната вредност кај сопственичките хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство и кои сеуште не се продадени.

На сметката 724 – Нереализирани добивки од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат зголемувањата на објективната вредност кај долгорочните должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство и кои сеуште не се продадени.

На сметката 725 – Нереализирани добивки од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат зголемувањата на објективната вредност кај краткорочните должнички хартии хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство и кои сеуште не се продадени.

На сметката 726 – Нереализирани добивки од деривативни инструменти, се евидентираат зголемувањата на објективната вредност кај деривативните инструменти кои сеуште не се продадени.

Член 53

На сметките од групата 73 – Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти се евидентираат добивките кои се остваруваат од продажба на средствата на фондот.

На сметката 730 – Реализирани добивки од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат капиталните добивки кај сопственичките хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата остварени при продажба на истите.

На сметката 731 – Реализирани добивки од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат капиталните добивки кај долгорочните должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата остварени при продажба на истите.

На сметката 732 – Реализирани добивки од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата, се евидентираат капиталните добивки кај краткорочните должнички хартии хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата остварени при продажба на истите.

На сметката 733 – Реализирани добивки од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат капиталните добивки кај сопственичките хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство остварени при продажба на истите.

На сметката 734 – Реализирани добивки од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат капиталните добивки кај долгорочните должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство остварени при продажба на истите.

На сметката 735 – Реализирани добивки од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство, се евидентираат капиталните добивки кај краткорочните должнички хартии хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство остварени при продажба на истите.

На сметката 736 – Реализирани добивки од деривативни инструменти, се евидентираат капиталните добивки кај деривативните инструменти.

Член 54

На сметките од групата 74 – Приходи од дивиденди се евидентираат приходите од претходно објавените дивиденди кои се остварени по основ на инвестирање во акции.

На сметката 740 – Приходи од дивиденди се евидентираат приходите од претходно објавените дивиденди кои се остварени по основ на инвестирање во акции.

Член 55

На сметките од групата 75 – Останати приходи се евидентираат останатите приходи кои може да ги оствари инвестицискиот фонд, а кои не се претходно споменати.

На сметката 750 – Останати приходи се евидентираат останатите приходи кои може да ги оствари инвестицискиот фонд, а кои не се претходно споменати.

Член 56

На сметките од групата 76 – Добивка од ослободување на резервации за намалување на вредноста за загуби во врска со очекуваните кредитни загуби се евидентират приходите кои може да ги оствари инвестицискиот фонд од ослободувањето на резервациите за загуби во врска со очекуваните кредитни загуби.

На сметката 760 – Добивка од ослободување на резервации за намалување на вредноста за загуби во врска со очекуваните кредитни загуби се евидентираат приходите кои може да ги оствари инвестицискиот фонд од ослободувањето на резервациите за загуби во врска со очекуваните кредитни загуби.

Член 57

На сметките од групата 79 – Разлика на приходите и расходите се евидентираат разликите меѓу приходите и расходите на инвестицискиот фонд во финансиската година.

На сметката 790 – Разлика на приходите и расходите во финансиската година се евидентираат разликите меѓу приходите и расходите на инвестицискиот фонд во финансиската година.

КЛАСА 9: ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ФОНДОТ

Член 58

На сметките од групата 90 – Издадени удели на инвестицискиот фонд се евидентираат уплатените средства за купени и издадени документи за удел на фондот.

На сметката 900 – Парични приливи по основ на уплатени удели во инвестицискиот фонд се евидентираат уплатените средства за купени и издадени документи за удел на фондот.

Член 59

На сметките од групата 92 – Повлечени удели на инвестицискиот фонд се евидентираат исплатените средства за откупени и повлечени документи за удел на фондот.

На сметката 920 – Парични одливи по основ на повлечени удели на инвестицискиот фонд се евидентираат исплатените средства за откупени и повлечени документи за удел на фондот.

Член 60

На сметките од групата 94 – Добивка / загуба во тековната финансиска година се евидентира добивката или загубата на фондот од редовното работење.

На сметката 940 – Добивка / загуба во тековната финансиска година се евидентира добивката или загубата на фондот од редовното работење.

Член 61

На сметките од групата 95 – Задржана добивка / загуба од претходните години се евидентира акумулираната добивка од претходните години и добивката од финансиската година која се уште не е распределена.

На сметката 950 – Задржана добивка / загуба од претходните години се евидентира акумулираната добивка на инвестицискиот фонд од претходните години и добивката од финансиската година која се уште не е распределена.

Член 62

На сметките од групата 96 – Ревалоризациски резерви и останати разлики од вреднување се евидентира ревалоризација од повторно мерење на објективната вредност на финансиските средства.

На сметката 960 – Добивки/загуби од финансиските средства – сведување на објективна вредност се евидентираат добивките/ загубите од повторно мерење на објективната вредност на финансиските средства.

На сметката 961 – Добивки/загуби од намалување на вредноста за очекувани кредитни загуби се евидентираат добивките/ загубите од отпишување на финансиските средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност, од обезвреднување на финансиските средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност, од реклассифицирање на финансиските средства од категорија на мерење според амортизирана набавна вредност во категорија на мерење според објективна вредност преку добивка или загуба, како и добивките/ загубите од реклассифицирање на финансиските средства од категорија на мерење според амортизирана набавна вредност во категорија на мерење според објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

На сметката 962 – Ревалоризациски резерви и останати разлики од вреднувањето на заштита од ризик на вложувањата се евидентира ревалоризацијата од вреднувањето на заштита од ризик на вложувањата.

Член 63

На сметките од групата 990-994 – Активна вонбилансна евиденција се евидентираат активните сметки од вонбилансната евиденција.

Член 64

На сметките од групата 995-999 – Пасивна вонбилансна евиденција се евидентираат пасивните сметки од вонбилансната евиденција.

III – ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 65

Прилогот 1 на Овој Правилник. Комисијата го објавува на својата веб страница.

Член 66

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за сметковниот план, содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените фондови, како и формата и содржината на финансиските извештаи на отворените фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2010).

Член 67

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2025 година.

Број 01-867/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

ПРИЛОГ 1

КОНТЕН ПЛАН ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНОДВИ

класа		опис
1	**-**	**Парични средства и побарувања**
10	**-**	**Парични средства и парични еквиваленти**
		100 - Денарска сметка
		101 - Девизна сметка
11	**-**	**Побарувања по основ на продажба на преносливи хартии од вредност**
		110 - Побарувања по основ на продажба на должнички хартии од вредност
		111 - Побарувања по основ на продажба на сопственички хартии од вредност
		119 - Вредносно усогласување на побарувањата по основ на продажба на преносливи хартии од вредност
12	**-**	**Побарувања по основ на продажба на останати финансиски инструменти**
		120 - Побарувања по основ на продажба на останати финансиски инструменти
		129 - Вредносно усогласување на побарувањата по основ на продажба на останати финансиски инструменти
13	**-**	**Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници**
		130 - Побарувања по основ на дивиденди
		131 - Побарувања по основ на парични депозити
		132 - Побарувања по основ на отплата на обврзници
		139 - Вредносно усогласување на побарувањата по основ на дивиденди, депозити и отплата на обврзници
14	**-**	**Побарувања по основ на дадени аванси**
		140 - Побарувања по основ на дадени аванси
15	**-**	**Побарувања од друштвото за управување**
		150 - Побарувања од друштвото за управување
		159 - Вредносно усогласување на побарувањата од друштвото за управување
16	**-**	**Побарувања од депозитарната банка**
		160 - Побарувања од депозитарната банка
		169 - Вредносно усогласување на побарувањата од депозитарната банка
17	**-**	**Останати побарувања на фондот**
		170 - Останати побарувања на фондот
		171 - Вредносно усогласување на останатите побарувања на фондот
18	**-**	**Побарувања по основ на камата и останати средства**
		180 - Побарувања по основ на камата и останати средства
2	**-**	**Краткорочни обврски**
20	**-**	**Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност**

200 - Обврски по основ на вложувања во должнички хартии од вредност

201 - Обврски по основ на вложувања во сопственички хартии од вредност

21 - Финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност

210 - Финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност

22 - Финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност

220 - Финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност

23 - Обврски према друштвото за управување

230 - Обврски за надомест на управување на друштвото за управување

239 - Останати обврски спрема друштвото за управување

24 - Обврски према депозитарната банка

240 - Обврски за надомест на депозитарната банка

249 - Останати обврски спрема депозитарната банка

25 - Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот

250 - Обврски по основ на водење регистар на удели

251 - Обврски по основ на годишна ревизија на фондот

252 - Обврски по основ на објави на фондот

259 - Останати обврски по основ на други трошоци утврдени со стаутот и проспектот на фондот

26 - Обрвски по основ на исплата на имателите на документи за удел

260 - Обврски за исплата на средства по основ на поднесени барања за откуп на документи за удел

261 - Обврски за исплата на учество во добивката на фондот

27 - Останати обврски на фондот

270 - Останати обврски на фондот

28 - Обврски по основ на пресметана камата

280 – Обврски по основ на пресметана камата

3 - Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба

30 - Пренесливи хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

300 - Сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

301 - Долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

309 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност котирани на берза во земјата кои се чуваат за тргување

31 - Пренесливи хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои се чуваат за тргување

310 - Сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

311 - Долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

319 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност котирани на странска берза кои се чуваат за тргување

32 - Останати хартии од вредност од домашни издавачи кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

320 - Останати хартии од вредност од домашни издавачи кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

33 - Останати хартии од вредност од странски издавачи кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

330 - Останати хартии од вредност од странски издавачи кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

339 - Вредносно усогласување на останатите хартии од вредност од странски издавачи кои се чуваат за тргување

34 - Деривативни инструменти

340 - Финансиски деривати

35 - Инструменти на пазарот на пари

350 – Инструменти на пазарот на пари

36 - Удели или акции на инвестициски фондови

360 - Удели или акции на инвестициски фондови

37 - Вложувања во депозити

370 – Вложувања во депозити

38 - Останати финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

380 - Останати финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку добивка или загуба

4 - Финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

40 - Преносливи хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

400 - Сопствени хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

401 - Долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

409 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

41 - Преносливи хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

410 - Сопствени хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

411 - Долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

419 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

42 - Останати хартии од вредност на домашни издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

420 - Останати хартии од вредност на домашни издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

429 - Вредносно усогласување на останатите хартии од вредност н домашни издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

43 - Останати хартии од вредност на странски издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

430 - Останати хартии од вредност на странски издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

439 - Вредносно усогласување на останатите хартии од вредност на странски издавачи по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

44 - Останати финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

440 - Останати финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

449 - Вредносно усогласување на останатите финансиски средства преку останата сеопфатна добивка

5 - Финансиски средства по амортизирана набавна вредност

50 - Краткорочни депозити

500 - Краткорочни депозити во овластени банки во Република Северна Македонија

509 - Вредносно усогласување на краткорочни депозити

51 - Долгорочни депозити

510 - Долгорочни депозити во овластени банки во Република Северна Македонија

519 - Вредносно усогласување на долгорочни депозити

52 - Краткорочни должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност

520 - Краткорочни должнички хартии од вредност издадени од издавачи во земјата по амортизирана набавна вредност

521 - Краткорочни должнички хартии од вредност издадени од странски издавачи по амортизирана набавна вредност

529 - Вредносно усогласување на краткорочни должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност

53 - Долгорочни должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност

530 - Долгорочни должнички хартии од вредност издадени од издавачи во земјата по амортизирана набавна вредност

531 - Долгорочни должнички хартии од вредност издадени од странски издавачи по амортизирана набавна вредност

539 - Вредносно усогласување на долгорочни должнички хартии од вредност по амортизирана набавна вредност

54 - Пласмани по основ на обратни репо договори

540 - Пласмани по основ на обратни репо договори

55 - Останати вложувања по амортизирана набавна вредност

550 - Останати вложувања по амортизирана набавна вредност

6 - Расходи

60 - Негативни курсни разлики од финансиски инструменти

600 - Негативни курсни разлики од паричните средства и депозитите

601 - Негативни курсни разлики од финансиските инструменти по објективна вредност преку добивка или загуба

602 - Негативни курсни разлики од финансиските инструменти по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка

603 - Негативни курсни разлики од финансиските инструменти по амортизирана набавна вредност

61 - Расходи од односите со друштвото за управување

610 - Надомест за управување на друштвото за управување

62 - Нереализирани загуби - сведување на објективна вредност

620 - Нереализирани загуби од сопствени хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

621 - Нереализирани загуби од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

622 - Нереализирани загуби од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

623 - Нереализирани загуби од сопствени хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

624 - Нереализирани загуби од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

625 - Нереализирани загуби од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

626 - Нереализирани загуби од деривативни инструменти

63 - Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти

630 - Реализирани загуби од сопствени хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

631 - Реализирани загуби од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

632 - Реализирани загуби од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

633 - Реализирани загуби од сопствени хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

634 - Реализирани загуби од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

635 - Реализирани загуби од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

636 - Реализирани загуби од деривативни инструменти

64 - Намалување на средствата

640 - Вредносно усогласување (загуби поради оштетување) на финансиските инструменти

641 - Вредносно усогласување (загуби поради оштетување) на побарувањата

65 - Надомест на депозитарната банка

650 - Надомест на депозитарната банка

66 - Трансакциски трошоци

660 - Трансакциски трошоци

67 - Расходи од камата

670 - Расходи по основ на камати

69 - Останати дозволени трошоци на фондот

690 - Трошоци за водење регистар на удели

691 - Трошоци за годишна ревизија на фондот

692 - Трошоци за објави на фондот

699 - Други трошоци утврдени со статутот и проспектот на фондот

7 - Приходи

70 - Приходи од камата

700 - Приходи по основ на камати

701 - Амортизација на премија (дисконт) од средствата со фиксно доспевање

71 - Позитивни курсни разлики од финансиски инструменти

710 - Позитивни курсни разлики од паричните средства и депозитите

711 - Позитивни курсни разлики од финансиските инструменти

72 - Нереализирани добивки - сведување на објективна вредност

720 - Нереализирани добивки од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

721 - Нереализирани добивки од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

722 - Нереализирани добивки од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

723 - Нереализирани добивки од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

724 - Нереализирани добивки од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

725 - Нереализирани добивки од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

726 - Нереализирани добивки од деривативни инструменти

73 - Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти

730 - Реализирани добивки од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

731 - Реализирани добивки од долгорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во земјата

732 - Реализирани добивки од краткорочни должнички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазаро во земјата

733 - Реализирани добивки од сопственички хартии од вредност примени за тргување на регулиран пазар во странство

